# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД


| | |
|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **О Х Р И Д<br>25.04.2018 год.<br>БРОЈ 4 ГОДИНА 53** |


**С О Д Р Ж И Н А**


| Реден број | Име на одлука | Страница |
|---|---|---|
| **1.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2018 година за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година. | **6** |
| **2.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Развојната програма за активностите на општина Охрид во областа на образованието за 2018-2020 за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година. | **10** |
| **3.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Развојната програма за детска заштита за 2018-2020 година за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година. | **15** |
| **4.** | Одлука за узвојување на Извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита за 2018 година за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година. | **18** |
| **5.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за културни манифестации и творештво за 2018 година за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година. | **19** |
| **6.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за спорт и рекреација за 2018 година за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година | **22** |
| **7.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Развојната програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид 2018 – 2020 за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година | **25** |
| **8.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година | **37** |
| **9.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2018 година за периодот од 01.01. до 31.03. 2018 година. | **55** |
| **10.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата | **64** |

| | | |
|---|---|---|
| | за заштита на животната средина и природата за 2018 година за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година | |
| **11.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Развојната програма други комунални услуги 2018 - 2020 година за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година. | **68** |
| **12.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Развојната програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици 2018 - 2020 година за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година. | **70** |
| **13.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Развојната програма за јавно осветлување 2018-2020 година за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година. | **75** |
| **14.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Развојната програма за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање режим на сообраќај за 2018 - 2020 година за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година. | **77** |
| **15.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Развојната програма за изградба на системи за водоснабдување 2018 - 2020 година за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година. | **80** |
| **16.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Развојната програма за изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води 2018 - 2020 година за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година. | **84** |
| **17.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Развојната програма за изградба на сообраќајна сигнализација за 2018 – 2020 година за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година. | **88** |
| **18.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Развојната програма за уредување на градежно земјиште за 2017 - 2019 година за периодот од 01.01. до 31.03.2017 година. | **90** |
| **19.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за финансиските потреби на Територијалната противпожарна единица-Охрид за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година. | **97** |
| **20.** | Одлука за усвојување на Извештајот за остварување на буџетот на Општина Охрид за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година. | **99** |
| **21.** | Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници во образовните институции во општина Охрид за 2018 година. | **109** |
| **22.** | Програма за изменување и дополнување на развојаната програма за уредување на градежно земјиште за 2018-2020 година. | **110** |
| **23.** | Програма за изменување и дополнување на Годишната програма за поставување урбана опрема на подрачјето на општина Охрид за 2018 година. | **111** |
| **24.** | Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот (закупнината) за поставување урбана опрема во општина Охрид за 2018 година. | **112** |
| **25.** | Одлука за утврдување приоритет на проекти за водоснабдување и одведување отпадни води во општина Охрид. | **113** |

| | | |
|---|---|---|
| **26.** | Изјава за исполнување на услови по договор за заем по проектот „Изградба на линиски инфраструктурен објект за атмосферска канализациска мрежа за дел од ул. „Абас Емин“ – Охрид. | **114** |
| **27.** | Изјава за исполнување на услови по договор за заем по проектот „ Реконструкција на линиски инфраструктурен објект за водоводна мрежа за дел од ул. „Абас Емин“- Охрид. | **115** |
| **28.** | Изјава за исполнување на услови по договор за заем по проектот „Реконструкција на линиски инфраструктурен објект за фекална канализациска мрежа за дел од ул. „Абас Емин“-Охрид. | **116** |
| **29.** | Одлука за прифаќање донација на специјализирани садови за собирање на отпад од пакување. | **117** |
| **30.** | Одлука за пренесување на правото на користење на санитарни контејнери- јавни тоалети во општина Охрид, сопственост на Општина Охрид на ЈП „Охридски Комуналец“ - Охрид . | **118** |
| **31.** | Одлука за пренесување на правото на користење на недвижен имот – дел од деловен простор, сопственост на Општина Охрид на Агенцијата за катастар и недвижности на РМ. | **120** |
| **32.** | Одлука за изменување на одлуката за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација,со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.1529/1 КО Трпејца. | **121** |
| **33.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.806 КО Љубаништа. | **122** |
| **34.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на КП.бр.835 и КП.бр.824 КО Речица. | **123** |
| **35.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на КП.бр.965/1 КО Оровник. | **124** |
| **36.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на КП.бр.991 и КП.бр.867/4 КО Оровник. | **125** |
| **37.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација,со цел вклопување на бесправно изградените објекти на КП.бр.1039/3 КО Оровник | **126** |
| **38.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.2154/2 КО Лескоец | **127** |
| **39.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 2460/1 КО Лескоец | **128** |
| **40.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.5890/1 КО Охрид 4 | **129** |
| **41.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно | **130** |

| | | |
|---|---|---|
| | изградениот објект на КП.бр. 2191/1 КО Охрид 4 | |
| **42.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 97 КО Лескоец | **131** |
| **43.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 123/4 КО Косел | **132** |
| **44.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 231 КО Долно Лакочереј | **133** |
| **45.** | одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 246/2 КО Охрид 4 | **134** |
| **46.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 428/2 КО Трпејца | **135** |
| **47.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 687/1 КО Велгошти | **136** |
| **48.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација,со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 895/3 КО Охрид 4 | **137** |
| **49.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 982 КО Долно Лакочереј | **138** |
| **50.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 1289/1 КО Лескоец | **139** |
| **51.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 1321 КО Лескоец | **140** |
| **52.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација,со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 1442/1 и КП.бр. 1442/2 КО Трпејца | **141** |
| **53.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 1547 КО Лескоец | **142** |
| **54.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 1583/1 КО Лескоец. | **143** |
| **55.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 1636 КО Лескоец | **144** |
| **56.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација,со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 1753 КО Лескоец | **145** |

| | | |
|---|---|---|
| **57.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, за усогласување на намената на земјиштето на КП.бр.1799 КО Охрид 4 | **146** |
| **58.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 1811/1 и КП.бр. 1811/2 КО Лескоец | **147** |
| **59.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 1885 КО Лескоец | **148** |
| **60.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 2009 КО Лескоец | **149** |
| **61.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 2337 КО Лескоец | **150** |
| **62.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 2442 КО Лескоец | **151** |
| **63.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 2445/1 КО Охрид 4 | **152** |
| **64.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 2485 КО Охрид 4 | **153** |
| **65.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.3116/1 и КП.бр. 3115/1 КО Елшани | **154** |
| **66.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, за усогласување на намената на земјиштето на КП.бр.4777 КО Охрид 4. | **155** |
| **67.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, за усогласување на намената на земјиштето на КП.бр.8920/1 и КП.бр. 8920/2 КО Охрид 2 | **156** |
| **68.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, за усогласување на намената на земјиштето на КП.бр. 13262/1 КО Охрид 3. | **157** |
| **69.** | Одлука за проширување на средствата на буџетот на општина охри за 2018 година | **158** |
| **70.** | Јавен повик | **159** |
| **71.** | Јавна објава | **160** |
| **72.** | Јавна објава | **160** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2018 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2018 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2018 година за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година.

**Број 09-5289/3** **ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2018 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2018 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2018 година за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5289/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2018 ГОДИНА**

Советот на општина Охрид на ден 29.12.2017 година донесе Програма за работа на Советот на општина Охрид за 2018 година. Во Програмата за работа на активностите на Советот на општина Охрид за 2018 година се планирани во четири тримесечија и тоа:

**ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ** (јануари, февруари и март);

**ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ** (април, мај и јуни);
**ТРЕТО ТРИМЕСЕЧЈЕ** (јули, август и септември) и
**ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ** (октомври, ноември и декември).

**ПРВО ТРИМИСЕЧЈЕ**

**Шестата седница се одржа на ден 29.01.2018 година. За работа на оваа седница беа предложени 25 (дваесет и пет) точки на дневен ред. Од дневен ред беше повлечена една точка. Советот усвои 23 (дваесет и три) одлуки. Една предлог - одлука не беше усвоена.**

**Комисија за заштита на животната средина** – Беа предложени 3 (три) точки на дневниот ред и истите беа усвоени.

**Комисија за јавни и комунални дејности** – Беа предложени 4 (четири) точки на дневниот ред. Членовите на Комисијата за јавни и комунални дејности ги усвоија предложените точки.

**Комисија за урбанизам** – Беа предложени 4 (четири) точки на дневен ред, но седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум за работа.

**Комисија за финансии и буџет** – Беа предложени 3 (три) точки на дневен ред и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

**Комисија за верификација, избори и именување** -Беа предложени 3 (три) точки на дневен ред и истите беа усвоени

**Комисија за општествени дејности** – Беа предложени 2 (две) точки на дневен ред и истите беа усвоени.

Советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата „За подобра Македонија“ ја напушти шестата седница на Советот.

**Седмата седница се одржа на ден 28.02.2018 година и за истата седница беа предложени 42 (четириесет и две) точки на дневен ред. Од дневен ред беа повлечени две (две) точки. Советот усвои вкупно 35 (триесет и пет) одлуки, 1 (една) програма и 1 (еден) план. Советот не усвои 2 (две) предлог - одлуки и 1 (една) информација.**

**Комисија за заштита на животна средина –** Беа предложени 31(триесет и една) точка на дневниот ред и сите беа усвоени.

Комисија за јавни и комунални дејности – Беа предложени 8 (осум)точки на дневниот ред. Членовите на Комисијата за јавни и комунални дејности усвоија 7(седум) точки, а 1 (една) не беше усвоена.

Комисија за урбанизам – Беа предложени 30 (триесет) точки на дневен ред и истите беа усвоени.

Комисија за финансии и буџет – Беа предложени 5 (пет) точки на дневен ред.Членовите на Комисијата за финансии и буџет усвоија 4 (четири) предлог -одлуки, а една не беше усвоена.

**Комисија за верификација, избори и именување** -Беа предложени 3(три) точки на дневен ред. Членовите на Комисијата усвоија 1 (една) предлог - одлука, а 2(две )предлог - одлуки не беа усвоени.

**Осмата седница се одржа на ден 14.03.2018 година. За работата на оваа седница беа предложени 92 (деведесет и две) точки на дневен ред. Дневниот ред беше дополнет со 1 (една) предлог - одлука. Од дневниот ред беше повлечена една точка. Советот усвои 53 (педесет и три) одлуки, а 39 (триесет и девет) предлог - одлуки не беа усвоени.**

Комисија за млади и спорт – Беа предложени 2 (две)точки на дневен ред и истите беа усвоени.

Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените – Беа предложени 2 (две)точки на дневен ред и истите беа усвоени.

Комисија за заштита на животна средина – Беа предложени 41(четириесет и една) точка на дневен ред и сите беа усвоени од членовите на Комисијата.

Комисија за јавни и комунални дејности – Комисија за јавни и комунални дејности – Беа предложени 23(дваесет и три) точки на дневен ред. Членовите на Комисијата за јавни и комунални дејности усвоија 17(седумнаесет) точки. Три (три)точки од дневниот ред не беа усвоени, а 3(три) не се разгледуваа бидејќи немаше претставници за материјалите.

Комисија за туризам и локален економски развој – Беа предложени 3(три) точки на дневен ред и истите беа усвоени.

Комисија за општествени дејности – Беа предложени 22 (дваесет и две) точки на дневен ред. Беа усвоени 18(осумнаесет) точки на дневен ред, а 4(четири) не беа усвоени.

Комисија за урбанизам – Беа предложени 37 (триесет и седум) точки на дневен ред и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

Комисија за финансии и буџет – Беа предложени 52 (педест и две)точки на дневен ред .Беа усвоени 26 (дваесет и шест) предлог-одлуки, а 26 (дваесет и шест) предлог - одлуки не се усвоија.

**Комисија за верификација, избори и именување** - Беа предложени 3(три) точки на дневен ред. Членовите на Комисијата не ги усвоија истите.

**Советот на општина Охрид во периодот од 01.01.2018 до 31.03.2018 година одржа 3 редовни седници. За работа на сите седници беа предложени вкупно 159 точки. Од дневниот ред беа повлечени 4 (четири) точки. Дополнување на дневниот ред е извршено со 1(една) точка на една седница.**

**Советот во овој период усвои вкупно 111 (сто и единаесет) одлуки, 1 (една) програма и 1(еден) план.**

**Советот не усвои 42 (четириесет и две) предлог - одлуки и 1(една) информација.**

И З В Е Ш Т А Ј

За реализираните расходи од буџетот на Општина Охрид,

програма А0-Совет на општина Охрид за периодот од 01.01 до 31.03.2018 година

Согласно востановената пракса за транспарентност во трошењето на буџетот и Програмата Совет во која се предвидени средства за нормално функционирање на овај орган во продолжение даваме приказ на позначајните зафаќања- трошоци во овој квартал за оваа Програма. Во рамките на буџетот на Општина Охрид за 2018 година, за Програмата А0 - Совет на општина Охрид, одобрени се средства во висина од 18.620.000,оо денари. Реализираните расходи во висина од 4.639.944,оо денари се распределени по потставки во зависност од утврдената намена. Позначајни зафаќања и исплати во овој квартал се образложени подолу во текстот, како што следува:

Од вкупнореализираните расходи, во првиот квартал од 2018 година, за плати и надоместоци за советници исплатени се 1.247.298,оо денари.

Како помош за настанати штети од пожари и други елементарни непогоди од контото за тековна резерва исплатени се вкупно 191.510,оо денари. по заклучоци и одлуки донесени во анализираниот период.

Општина Охрид, преку Советот како нејзин орган, на дел од жителите со загрозена социјална и финансиска состојба им пружа финансиска помош преку субвенционирање на

дел од нивните јавни комунални трошоци и по истата основа во опфатениот период исплатени се 907.614,оо денари кон јавните комунални претпријатија.

Посебна категорија на која Општина Охрид ѝ посветува особено внимание се учениците и студентите, ценејќи го нивниот талент, знаење и труд, доделува стипендии со цел поттикнување на младите за достигнување на што поголеми успеси. Опфаќајќи дел од доделените средства за учебната 2017-2018 година од одобрените средства со буџетот за 2018 за стипендии исплатени се 1.110.000,оо денари.

Постапувајќи во насока на поддржување и помагање на граѓаните и институциите на Охрид, од Програмата на Советот на општина Охрид, трансферирани се средства до бројни здруженија на граѓани, фондации и хуманитарни организации, во висина од 83.500,оо денари. По заклучоци од соодветни комисии кои се во состав на Советот на општината, од контото други трансфери, кон правни и физички лица исплатени се средства во висина од 395.000,оо денари од кои делот во износ од 365.000,оо денари е исплатен согласно потпишаниот меморандум со ЈЗУ „Општа болница“- Охрид, за прво и второ родено дете. Општина Охрид членува во повеќе меѓународни и домашни организации а се со цел афирмација и промоција на градот, поради што се наметнува обврска за плаќање членарини кон тие организации, па така по оваа основа исплатени се вкупно 673.750,оо денари, од кои 49.013,оо ден. за членарини во меѓународни организации а 624.737,оо денари се исплатени кон ЗЕЛС и Центарот за развој на Југозападниот плански регион, членарина за 2018 година.

Советот на општина Охрид за периодот од 01.01.2018 година до 31.03.2018 година, има извршено 24.92 % од вкупнопланираните трошоци во буџетската 2018 година.

**Број 08-5289/3-1**
**23.04.2018 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА 2018-2020 ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2018 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Развојната програма за активностите на општина Охрид во областа на образованието за 2018-2020 за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година.

**Број 09-5289/4**
**23.04.2018 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА 2018-2020 ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2018 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Развојната Програма за активностите на општина Охрид во областа на образованието за периодот од 01.01.до 31.03.2018 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5289/4**
**23.04.2018 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА 2018 – 2020 ГОДИНА за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година**

**Вовед:**

Во делокругот на своите работни задачи на Одделението за образование ги опфаќа: основното и средното образование.

Општина Охрид има директни надлежности во делот на образованието.

Надлежностите во образованието се во смисла на основање, финансирање и администрирање на основните и средните, во соработка со централната власт.

Согласно Законите за основно и средно образование, како и согласно актуелните правилници и нормативи донесени од страна на ресорното Министерство, Општина Охрид секоја година финансира одреден број активности кои се составен дел на Развојната програма за образование за 2018 – 2020 година.

***Образование***

На почетокот од 2018 година, Одделението за образование достави до МОН **предлог-план за упис на ученици во прва година** во средните училишта, како основа за подготвување на конкурсите за упис на ученици во учебната 2018/2019 година.

Во дејностите опфатени во ова Одделение, во временскиот рок предвиден со Законот за основно образование и Законот за средно образование, до МОН беа доставени на одобрување и годишните планови за вработување за 2018 год.

Во Одделението за образование, тековно, според потребите се изготвуваат и се доставуваат до училиштата **согласности за отпочнување постапки** за јавни набавки,

**согласности за исплаќање средства** од општинската сметка**, согласности за издавање под закуп на објекти кои се во нивна сопственост, согласности за годишни планови** за вработување и воедно, се следи законитоста во овој дел од работењето на училиштата.

Во периодот од 01.01.2018 година до 31.03.2018 година, според тековните потреби, издадени се согласности за ангажирање лица до три месеци на ослободено работно место по различени основи: пензионирање, боледување, неплатено отсуство и сл.

Одделението за образование врши контрола на месечните пресметки на плати за вработените во училиштата и истите ги проследува до надлежното министерство.

Исто така, Одделението за образование изготвува согласности за исплата на надоместоците по основа пензионирање и солидарна помош за вработените во училиштата.

Во периодот од 01.01. до 31.03.2018 година продолжено е со реализацијата на постапките за легализација. Извршена е легализација на ОУ „Св.Наум Охридски“ с. Пештани – ПУ Трпејца, ОУ „Григор Прличев“ и ОУ „Христо Узунов“. Постапките за легализација се во тек и за останатите основни и средни училишта.

Стекнувањето со имотни листови е услов за добивање одобренија за реконструкции, како основа за отпочнување и реализација на низа реконструкции и капитални инвестиции, кои се дел од Програмата за образование.

**Во соработка со Одделението за образование во периодот од 01.01. до 31.03.2018 година, во училиштата се реализираат поголем број активности и проекти. Дел од нив се реализираат континуирано од почетокот на учебната година:**

**- Проект „Електричниот отпад создава можности –** ***WEEE Creates possibilities*****“ – се реализира во соработка со Центарот за климатски промени -** Целта на проектот е подигнување на свеста на населението со фокус на децата од основните училишта во Охрид, за негативните влијанија на електричниот и електронски отпад (ЕЕО) врз животната средина и здравјето на луѓето, како и да ја истакне потребата од селектирање на овој отпад.

Проектот се спроведува во дел од основните училишта во општина Охрид.

**- Проект „Подобрување на доживотното учење преку модернизација на стручното образование и обука и системите за образование на возрасни“** Целта на проектот е да придонесе за зајакнување на сеопфатен и интегриран систем за доживотно учење со фокус на стручното образование и обука и образование на возрасни, преку воспоставување динамичка корелација помеѓу образованието и промените како во општествената сфера,така и на пазарот на труд. Посебен акцент се става на реформите на наставните планови и програми за две и тригодишно стручно образование и обука во тесна соработка со сите релевантни партнери, особено со приватниот сектор и социјалните партнери. Во реализација на овој проект се вклучени и општините, Министерството за образование и наука. Партнери во спроведувањето се Британскиот Совет во соработка со *ДВВ интернешнел* и Центарот за доживотно учење.

**- „Проект за развој на вештини и поддршка на иновации“** – Целта на проектот е модернизација и унапредување на системот на средно стручно образование во траење од 4 години. Проектот се состои од анализа на постојната состојба и изработка на Концепција на

средно стручно образование во траење од 4 години (техничко образование), што на крај резултира со нови наставни програми. Проектот се имплементира од Министерството за образование и наука, а е финансиран од заем на Светска банка. Спроведувањето на проектот е во заедничка соработка со локалната самоуправа.

- **Програма „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“** – се спроведува од страна на МОН, а согласно потпишан Меморандум за соработка со Швајцарската агенција за развој и соработка. Главна цел на програмата е успешно спроведување на теоријата во дневната пракса при работа на воспитно- образовните институции, со што би се влијаело на подигнувањето на еколошката свест кај сегашните и идните генерации на одржлив еколошки и финансиски развој и заштеди не само за градинките и училиштата, туку и на сите инволвирани страни: Министерството за образование, општините и пошироката јавност.

- **„ЕРАЗМУС+“ Национална Агенција за Европски образовни програми и мобилност** – во текот на 2018 година од страна на претставници од Општина Охрид се одржа работилница на кои претставници од основните, средните училишта и детската градинка беа повторно запознаени со можностите кои ги нуди програмата „Еразмус+“ и правилата за аплицирање, начинот за аплицирање и како се пополнува апликација. Во текот на јануари и февруари училиштата активно аплицираа на повиците кои се објавени во рамки на ЕРААЗМУС + програмата. Исто така се реализираа и обуките во други држави од страна на ученици од СОСУ „Св.Кирил и Методиј“ и ОУТУ „Ванчо Питошески“, врз основа на претходно добиени проекти.

- **ПРОЕКТ „ЗАСТАПУВАМЕ, ЗАЈАКНУВАМЕ, СЕ ПОВРЗУВАМЕ“** - Проектот се спроведува од страна на Здружение за поддршка на деца и млади со различности „Сината птица“ - Скопје. Имено, проектот ги мапира услугите што им се достапни на семејствата на децата и младите со попреченост во три општини, меѓу кои и Општина Охрид. Со проектот беа опфатени основни училишта од општина Охрид, како други институции и здруженија на граѓани. Образованието на лицата со попреченост останува голем предизвик поради недоволната подготовка на наставниците, немањето поддршка од надлежните државни институции, односно Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието, како и недостапноста на специјализирани училишта.

***Активностите од областа на образованието се финансираат од: блок- дотации, општински средства, сопствени приходи и од донации.***

Во изминатиот период од 01.01.до 31.03.2018 година финансирани се следните активности:

**ОСНОВНИ УЧИЛИШТА**

**- Во ОУ „Живко Чинго“ с.Велгошти**

- Направен е преграден ѕид за Библиотека 41.570 ден.

**- Во ОУ „Св.Климент Охридски“**

- Извршена е набавка, изградба и монтажа на циркулациона пумпа и демонтажа на постоечка пумпа, корекција на црна цевка за парно во износ од 62.893,00 денари.

**- Во ОМУ „Методи Патче“**

- Извршени се поправки и одржување (врати) 30.000,00 ден.
- Набавка на опрема (флејти) 35.000,00 ден.

Вкупно: 65.000,00 ден.

**ПОТРОШЕНИ ОПШТИНСКИ СРЕДСТВА ПО ПРОГРАМИ, СПОРЕД НАМЕНАТА за периодот од 01.01. до 31.03.2018 год. (според книговодствената евиденција)**

***Н1-основно образование 2.725.383,00 ден***

- 370.334,00 ден. исплатени се за комунални услуги, електрична енергија, нафта, дрва за греење, водовод и канализација, комуникации;
- 917.244,00 ден. исплатени се по судски решенија;
- 597.223,00 ден. исплатени се за превоз на ученици;
- 344.441,00 ден. исплатени се за одделенски наставници ангажирани во продолжен престој;
- 116.200,00 ден. исплатени се за извршени систематски прегледи на вработените во училиштата;
- 237.934,00 ден. исплатени се за тековно одржување на згради и опрема ;
- 79.114,00 ден. исплатени се по основа дезинфекција, дезинсекција и дератизација и
- 62.893,00 ден. исплатени се по основа поправки и одржување на друга опрема.

***Н2- средно образование***

Средните училишта имаат доволно средства од блок-дотација и сопствени средства со кои се покриваат сите тековни расходи.

***Од Програмата А0***, исплатени се вкупно 1.110.000,00 ден. за стипендии на ученици и студенти

**ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ОД БЛОК-ДОТАЦИЈА ПО ПРОГРАМИ, СПОРЕД НАМЕНАТА, за периодот од 01.01. до 31.03.2018 год. (според книговодствената евиденција):.**

*1. За **основно образование**, од средствата добиени како блок-дотација во периодот од 01.01.до 31.03.2018 година исплатени се вкупно **51.725.732,00 ден**. и тоа како што следува*:

- За плати и придонеси на вработените исплатени се вкупно 49.783.791,00 ден. ;
- 1.261.651,00 ден. се распределени за комунални услуги (греење, електрична енергија, вода, ѓубретарина, телефонски услуги);
- 111.304,00 ден. се исплатени за канцелариски материјали, средства за хигиена;

- 70.000,00 ден. се исплатени за поправки и тековно одржување;
- 388.586,00 ден. се исплатени за превоз на ученици и други договорни услуги;
- 50.400,00 ден. за други тековни расходи и
- 60.000,00 ден. исплатени се за разни трансфери.

2. *За **средно образование** од средствата добиени како блок-дотација во периодот од 01.01. до 31.03.2018 г., исплатено се вкупно **27.007.710 ден**. и тоа како што следува*:

- 22.039.708,00 ден. се исплатени за основни плати и придонеси за вработените во средните училишта;
- 2.860.686,00 ден се исплатени за превоз на ученици;
- 1.427.635,00ден. се исплатени за комунални услуги (греење, електрична енергија, вода, ѓубретарина, телефонски услуги);
- 113.012,00 ден. се исплатени за канцелариски материјали, средства за хигиена и нагледни средства;
- 298.063,00 ден. исплатени се за опрема и училиштен мебел;
- 87.513,00 ден. се исплатени објавување огласи и други тековни расходи;
- 110.700,00 ден. се исплатени за отпремнини по основа пензионирање и солидарна помош и
- 70.393,00 ден. се исплатени за договорни услуги.

**Изработил:**
Флорентина Стерјовска, соработник за образование

**Број 08-5289/4-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА ЗА 2018-2020 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2018 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Развојната програма за детска заштита за 2018-2020 година за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година.

**Број 09-5289/5** **ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА ЗА 2018 - 2020 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2018 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Развојната програма за детска заштита за 2018-2020 година за периодот од 01.01.до 31.03.2018 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5289/5**
**23.04.2018 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА ЗА 2018 – 2020 ГОДИНА за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година**

**Вовед:**

Заштитата на децата се остварува со обезбедување услови и ниво на животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата. Државата, како и единиците на локалната самоуправа се грижат за давање соодветна материјална помош на родителите за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување на развој на установи и служби за заштита на децата.

Во тој правец во рамки на своите надлежности Секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита во делокругот на своите работни задачи ги опфаќа активностите во смисла на основање, финансирање и администрирање на детската градинка, во соработка со централната власт.

Согласно Законот за детска заштита како и согласно актуелните правилници и нормативи донесени од страна на ресорното Министерство, Општина Охрид секоја година финансира одреден број активности кои се составен дел на Развојната програма за детска заштита за 2018 – 2020 година.

***Детска заштита***

Во Секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита, тековно според потребите се изготвуваат и се доставуваат **согласности за исплаќање средства** од општинската сметка**, согласности за издавање под закуп на објекти кои се во нивна сопственост** и воедно, се следи законитоста во овој дел од работењето на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“.

Во периодот од 01.01.2018 година до 31.03.2018 година, според тековните потреби, издадени се согласности за ангажирање лица до три месеци на ослободено работно место по различни основи: пензионирање, боледување, неплатено отсуство и сл.

Секторот врши контрола на месечните пресметки на плати за вработените во детската градинка и истите ги проследува до надлежното Министерство.

Исто така, Секторот изготвува согласности за исплата на надоместоците по основа пензионирање и солидарна помош за вработените во градинката.

**Во соработка со Секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита, во периодот од 01.01. до 31.03.2018 година, во детската градинка се реализираа поголем број активности и проекти:**

**- „Реонскиот полицаец ве советува“ -** се реализира во соработка со СВР Охрид – Отсек за превенција, со цел обезбедување на безбедна средина за живот на децата, како и подигнување на свеста кај децата за личната одговорност и самозаштита. Проектот се реализира во основните училишта.

- **„Мојот пријател полицаец“** – Поради неинформираност на децата од предучилишна возраст за значењето на општата безбедност и значењето на полицијата, Секторот за образование при Општина Охрид, градинката „Јасна Ристеска“ и МВР-Охрид презедоа мерки и активости со планиран проект на тема: „За мојата безбедност се грижиме јас и мојот пријател полицаец“, што континуирано се имплементира во програмските активности на градинката. Реализацијата на проектот опфаќа повеќе активности:
- посети на униформирани полицајци во градинка на децата од 5-6 годишна возраст и заеднички разговори; изработка на сообраќајни знаци, крстосници и возила од отпадни и природни материјали и цртежи и реализирање на изложба од истите; посета на полициска станица, езерска полиција, полициско возило и запознавање со работата на полициските служби и нивната опрема, кој се реализира со вклучување на родителите.
**- „Детски БОНТОН“** – Целта на овој проект е едукација на деца од предучилишна возраст за значењето на убавото и пристојно однесување што ќе им овозможи полесно прифаќање во општеството и подобар живот. Тоа би допринесло и за поквалитетно живеење, поголема толеранција, спречување конфликти и меѓусебно почитување. Особено родителите и воспитувачкиот кадар во градинките треба да бидат пример од кој децата ќе учат како децата да се однесуваат. Реализацијата на проектот опфати: изработка на Прирачник „Бонтон за деца“, прикажување на видеоматеријал преку кој децата се едуцираа како треба да се однесуваат, влијанието врз воспитниот кадар и родителите преку едукација правилно да ги воспитуваат своите деца, подготовка и реализирање на приредба посветена на убавото и пристојно однесување, едукативни средби со припадниците на Секторот за превенција што ги едуцираа децата за начинот на однесување на улица и во сообраќајот, медиумска кампања.Проектот се реализира тековно во сите објекти на градинката.

Во рамки на проектот издаден и прирачникот на турски јазик, за деца припадници на турската националност.

**ПОТРОШЕНИ ОПШТИНСКИ СРЕДСТВА ПО ПРОГРАМИ, СПОРЕД НАМЕНАТА**
**за периодот од 01.01.до 31.03.2018 год. (според книговодствената евиденција)**

***В1 детска заштита / 276.156,00 ден.***

- 276.156,00 ден. исплатени се за договорни услуги за лица ангажирани во градинката преку Агенција за посредување при вработување

**ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ОД БЛОК-ДОТАЦИЈА ПО ПРОГРАМИ, СПОРЕД НАМЕНАТА, за периодот од 01.01. - 31.03.2018 год. (според книговодствената евиденција):.**

*1. За **детската градинка,** од средствата добиени како блок-дотација во периодот од 01.01.до 31.03.2018 година исплатени се вкупно **8.832.437 ден.** и тоа како што следува*:

- 7.713.979,00 денари се исплатени за основни плати и придонеси за вработените
- 1.057.000,00 денари се исплатени за комунални услуги, греење, комуникација и транспорт и
- 61.458,00 денари се исплатени за отпремнини по основа пензионирање и солидарна помош.

**Изработил:**
Флорентина Стерјовска, соработник за образование

**Број 08-5289/5-1**
**23.04.2018 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА 2018 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2018 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита за 2018 година за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година.

**Број 09-5289/6**
**23.04.2018 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА 2018 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2018 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита за 2018 година, за периодот од 01.01.до 31.03.2018 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5289/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**
**ЗА 2018 ГОДИНА**
**за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година**

**Реализирани активности од областа на социјалната заштита**

Во периодот од 01.01.до 31.03.2018 година, во рамки на Одделението за социјална и здравствена заштита се реализираа следните тековни активности

1. Организирање хуманитерна акција за помош на лица од социјално загрозени семејства. Општина Охрид организира хуманитарна акција за помош на лица кои навистина имаат потреба и спаѓаат во категоријата на граѓани од социјално загрозени семејства. Општина Охрид додели околу 100 социјални пакети.
2. Субвенционирање трошоци за комунални услуги. Субвенционирани се трошоци на социјално ранливи групи(невработени,приматели на постојана парична помош ,користење на социјална помош и инвалидизирани лица со најмалку 70 % инвалидитет). Оваа категорија на граѓани доби намалување на сметките од Јавните претпријатија на Општина Охрид, во вкупен износ од 670 денари месечно за семејство. Вкупниот број на лица кои ќе бидат субвенционирани изнесува 313 од кои 150 лица со инвалидитет, 52 невработени, 92 приматели на социјална помош и 18 лица корисници на постојана парична помош.
3. Имплементација на програмата Општинско – корисно работа, Програма Општинско корисна работа со донација од УНДП и во соработка со Агенцијата за вработување и Министерството за труд и социјална политика. Целта на проектот е обезбедување професионален кадар, воспитувачи и негувателки за детски градинки со цел посоодветно и поефикасно спроведување на воспитно- образовниот процес на децата од претшколска

возраст. Досега за реализација на проектот се исплатени 372.000 денари, колку што изнесува и вкупниот буџет за реализација на проектот.

4. Подготовка на проект и негово одобрување во просториите на ОУ „Глигор Прличев” подрачно училиште Рача, за реновирање на просториите и адаптирање во Центар за ран детски развој со донација од УНИЦЕФ.Општина Охрид според потребите и приоритетите на локалното население, посебно на децата од претшколска возраст ќе адаптира простор за Центар за ран детски развој. Центарот ќе опфати околу 25 деца од 3-6 години од населбата Рача и од околните села. Вкупниот буџет за реализација на проектот изнесува 405.641,00 денари.

**Изработил:**
Кети Росиќ, соработник за социјална заштита

**Број 08-5289/6-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА 2018 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2018 ГОДИНА.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за културни манифестации и творештво за 2018 година за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година.

**Број 09-5289/7** **ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВОЗА 2018 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2018 ГОДИНА**

**Член 1**
**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на Одделението за култура за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5289/7**
**23.04.2018 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА 2018 ГОДИНА**
**за периодот од 01.01.2018 до 31.03.2018 година**

Согласно Програмата за работа на Одделението за култура и Програмата за одбележување значајни годишнини и јубилеи, усвоени од страна на Советот на општина Охрид, покрај секојдневните тековни работни задачи во перманентна комуникација со надлежното Министерство, локалните институции од областа на културата , средбите и контактите со организации, здруженија и поединци од оваа дејност, Одделението за култура, во периодот од 01.01.2018 до 31.03.2018 г. ги реализира следните позначајни работни активности :

- Во соработка со Македонската православна црква, ЈОУДГ „Јасна Ристеска“, основните училишта и Здружението за грижи и воспитување на деца, а под покровителство на градоначалникот на Општина Охрид успешно, со масовно присуство на граѓани, беше реализирана верската манифестација **„ Бадникова литија“.**
- Со логистичка поддршка на Општина Охрид и општинските јавни претпријатија беа помогнати урбаните и месните заедници во организациските подготовки за продолжување на долговековната православна традиција за дочек на **Стара нова година - Василица.**
- Во организација на Општина Охрид и МЗ Куратица по јубилеен 20-ти пат во с Куратица се одржа традиционалниот **Василичарски карневал.**
- Под целосно покротвителство на Општина Охрид се реализираше најзначајната и најголемата верска манифестација во Македонија и во целоклупниот православен свет **„Богојавление – Водици“;**
- Финансиска и логистичка поддршка на богатата културно - уметничката програма по повод - **Денот на рибарите.**
- Во соработка со НУ Центар за култура „Григор Прличев“ и НУ Завод и Музеј – Охрид, се одбележа **Јубилејот: 150 години од раѓањето на Ефтим Спространов.**
- Во соработка со НУ Центар за култура „ Григор Прличев“, НУ Градска библиотека „Григор Прличев“ и ОУ „ Григор Прличев“ се одбележа **Јубилејот : 125 години од смртта на ловороносецот Григор Прличев, во рамките на годинешните „Прличеви беседи“.**

Во чест на Прличев, беше организирано и реализирано дводневното чествување на охридскиот книжевен великан –Григор Прличев. Во родната куќа на ловороносецот, великиот Григор Прличев, се одржа манифестацијата „Стихови и

звуци за Прличев“, на која за вонвременското значење на Прличев беседа одржа проф. д-р Виолета Пирузе – Тасевска. На свеченоста беа доделни и пофалниците за првонаградените на литературниот конкурс што традиционално го распишува Основното училиште „Григор Прличев“

- Во соработка со Историски архив – Охрид и членовите од историските секции при основните училишта одбележан е Јубилејот: **110 - годишнината од смртта на охридскиот гемиџија Марко Бошњаков.**

**Финансиски дел од извештајот**
За реализација на програмските содржини на Одделението за култура реализирани во периодот од 01.01 до 31.03.2018 година, од Програмата **К4** потрошени се вкупно **1.043 354 ,оо денари,** од кои :

- **60.000,оо** денари за реализација на верската манифестација **„Бадникова поворка за навестување на Христовото раѓање“**
- **40.000 , оо** денари се исплатени за реализација на активностите по повод празникот Св. Василиј за традиционалниот Василичарски карневал во с. Куратица
- **527.000**,оо денари за одржување на најголемата верска манифестација **„Богојавление – Водици“**
- **3 361 ,оо** денари за реализација на манифестацијата **„ Прличеви беседи“;**
- **268.000,оо** денари се исплатени за реализација на дел од активностите во рамките на проектот „Од 20-ти до 20-ти “ ;
- 25.000,оо ден за издавање на монографијата за с. Завој;
- **119.180,оо** денари за техничка опрема (озвучување) за реализација на програмскитте активности на Одделението за култура.

Изготвиле:
Митре Вељаноски
Весна Јованоска

**Број 08-5289/7-1**
**23.04.2018 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2018 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2018 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за спорт и рекреација за 2018 година за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година.

**Број 09-5289/8** **ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2018 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2018 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за спорт и рекреација за 2018 година за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5289/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**За реализација на програмата за спорт и рекреација 2018 год.**
**Период од 01.01 до 31.03.2018**
**Програма Л0**

Создавањето услови за спортување на сите генерации, за правилен физички развој на младите генерации преку изградба, реконструкција и опремување на спортските сали, фудбалски игралишта, организирање и поддршка на најразлични спортски настани и активности како и поддршка на талентирани спортисти се трајна определба на Општина Охрид во сферата на спортот.

Спортските содржини со кои располага Општина Охрид на ЈП „Билјанини извори“, затворените и отворените спортски објекти во училиштата и неколкуте фудбалски игралишта се од големо значење за развојот на спортот и спортската рекреација.

Општина Охрид кога станува збор за младите и спортот вложува,а и понатаму ќе вложува во ресурсите и посветено ќе работи врз развивањето и насочувањето на потенцијалот на младите од причина што добрите навики се развиваат рано и физички активните деца веројатно остануваат активни и кога ќе пораснат.

Поддршката на Сојузот на училиштен спорт е од особено значење за учество во училишните лиги во повеќе спортови .

Направена е целосна анализа на состојбата на спортските терени со Програма за целосна санација и приоритет за изградба на спортски терени односно повеќенаменски игралишта таму каде ги нема .

Во извештајниов период отпочна и заврши постапката по конкурсот за субвенционирање на трошоците за користење на спортски терени на ЈП„Билјанини извори“-Охрид. Субвенции ќе користат: РК „Охрид 2013“, РК „Лихнид“, КК „АВ“,КК „Колибри“, КБ „Голден Тим“ ДООЕЛ, Црвен Крст, ГФК „Охрид Лихнидос“, ЖФК „Билјанини Извори“, ОФС Охрид, ФК „ОСК Фер Плеј“, ФК „ЛА МАСИА“, ФК „ФЦ Копенхаген“, ФК „Еврофудбал 2 Вардар“, ФК „Охрид Топ Тим“ , КК „Чоле“ БЦЦ„Д СТРОНТЕС“, АК „Охрид“ и ТК „Охрид“ ,ПШ „Делфини 2012“ и ПК „ Охридски Бранови “ - Охрид .

Објавен е Јавен повик за финансирање на програми и проекти од јавен интерес на општината Охрид во различни области меѓу кои и во областа на спортот .

Изготвен е нов регистар за евиденција на спортските клубови и спортските здруженија од подрачјето на општина Охрид кој покрај другите податоци содржи и комплетни информации за клубовите и здруженијата од областа на спортот .

Интензивирана е соработката со МОК и АМС за вложување во спортската инфраструктура во општина Охрид и активностите насочени кон подобрување на спортот во општината Охрид .

Со претставници од АМС направен е увид на состојбите со : повеќенаменското игралиште во Економското училиште, фитнес-зоната, изградбата на затворениот пливачкиот базен,новоизградените тениски терени и повеќенаменското игралиште во комплексот на ЈП „Билјанини извори “ и фискултурната сала „Тодор Александров“ во с. Велгошти при што е констатирано дека сите објекти се во добра состојба .

РК „Охрид 2013“ по трет пат ќе се натпреварува во плеј оф, разигрување за титула .

КК „АВ “ по прв пат избори пласман во Супер лига, разигрување за титула .

Општина Охрид во рамките на своите можности, а согласно буџетската програма ЛО Спорт и рекреација за 2018 г. издвои средства во висина од **15.500.000.00** денари, а во извештајниот период потрошени се **5.686.651,00** денари за реализација на следните активности:

Согласно Одлуката за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за користење на спортски терени на ЈП „Билјанини извори“

**КОНТО 425130** *ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ДРУГ ТИП НА ПРОСТОР*

Средства во висина од **1.547.900.00** денари

**КОНТО 463120** *ТРАНСФЕРИ ДО СПОРТСКИ КЛУБОВИ*

Средства во висина од **4.010.438.00** денари и тоа:

| | |
|---|---:|
| РК „Охрид 2013“ АД | 1,578,438.00 |
| РК „Охрид 2013“ АД | 1,000,000.00 |
| РК „Охрид 2013“ АД | 561,562.00 |
| РК „Охрид 2013“ АД | 138,438.00 |
| ГФК „Охрид-Лихнидос“ | 370,000.00 |
| ГФК „Охрид-Лихнидос“ | 230,000.00 |
| Сојуз на спортови на инвалиди | 20,000.00 |
| Федерација на планинарски спортови | 15,000.00 |
| Здружение на клуб одбојка на песок | 25,000.00 |

| | |
|---|---|
| ФК „Вулкан„ с.Косел | 30,000.00 |
| ФК „Еврофудбал 2“ | 30,000.00 |
| „Охридски бранови 2008“ | 12,000.00 |

**КОНТО 482930** РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДРУГИ ОБЈЕКТИ
Средства во висина од **128,313.00** денари и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| ЈП „Нискоградба Охрид“ | 128,313.00 | Партнерно уредување на игралиште с.Велгошти |

*Позначајни настани и активности* :

На терените на ЈП „Билјанини извори“ присуство на многу екипи на зимски подготовки

Џип турнеа Кичево - Охрид ;

Маестрален семинар на Гранд мастер Ким Унг Чоп во Охрид ;

Успешен настап на Охридските стрелци куп пионери ;

Пријавување на учесници за третиот едукативниот камп „Охрид 2018“ ;

Теквондо клубот „ХВА РАНГ ИТФ “–Лескоец настапи на „Србија Опен 2018 “ ;

Теквондо клубот „Хваранг фист“ Охрид настапи на турнирот во Скопје ;

Бизнис лига во мал фудбал ;

Успешен настап на тенисерките од ТК „Охрид“ во Скопје ;

Настап на карате клубот „Кун –су то“ на меѓународен турнир во Скопје ;

Настап на Охридскиот џиу џицу клуб во Велес ;

Настап на Охридските шахисти на Балканското кадетско првенство во Србија ;

РК „Охрид 2013“ трета година по ред во ракометната елита во Македонија ;

КК „АВ“ избори пласман во Супер лига;

Настап на охридските стрелци на Вториот куп – пионери во Штип ;

Вообичаено во периодот јануари – средина на март во повеќето спортови се во подготвителни активности за претстојните првенствени натпревари па поради тоа во извештајниот период се бележат настани и активности со намален интензитет.

**Број 08-5289/8-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД 2018 – 2020 ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2018 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Развојната програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид 2018 – 2020 за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година.

**Број 09-5289/9**
**23.04.2018 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД 2018 ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2018 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид 2018 за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5289/9**
**23.04.2018 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

## Извештај за реализација на
## ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2018 ДО 31.03.2018 ГОДИНА

Извештајот е изработен за период од три месеци и ги сумира активностите извршени од страна на администрацијата во Секторот за туризам и локален економски развој, Одделение за туризам во периодот од 01.01. до 31.03.2018 год. за реализација на:

- РАЗВОЈНА ПРОГРАМА Г2 ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2018 ДО 31.03. 2018 ГОДИНА

Во периодот од 01.01.2018 до 31.03.2018 год. Одделението за туризам ги вршеше активностите неопходни за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид:

1. **Управување со туристички дејности ;**
2. **Промоција на Охрид како туристичка дестинација;**

**3. Развој на туристичка инфраструктура и**

**4. Подготовка на проекти и проектно управување.**

Како резултати од реализацијата на Програмата кои дадоа особен белег на работењето во овој период треба да се посочат:

- Процесот на евиденција, регистрација и категоризација на станоиздавачи од мал обем (вкупно регистрирани 2643 станоиздавачи);
- Процес на продолжување на решенијата за категоризација на сместувачките капацитети од мал обем;
- Промоција на туристичката понуда на Охрид и организација на Охридски денови во Белград – Р. Србија ;
- Во зедничка организација со Агенцијата за промоција и поддршка на туризамот на РМ, доставен е промотивен материјал од Охрид на меѓународните туристички саеми и берзи;
- Објавен јавен повик за финансирање на проекти од областа на одржливиот локален економски развој и туризам за 2018г.;
- Јавен повик за субвенционирање на таксата за привремен престој на физиките лица кои вршат угостителска дејност од мал обем и
- Подготовка на документација за објавување на тендер за поставување на информативни табли, *хот спот* уреди и градски билборди.

**<u>Детални информации за активностите и резултатите се дадени во Анекс 1</u>**

**АНЕКС 1**

I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2018 год.

1. Управување со туристички дејности ;
2. Промоција на Охрид како туристичка дестинација;
3. Развој на туристичка инфраструктура и
4. Подготовка на проекти и проектно управување.

II. Информација за наплата на таксата за привремен престој

III. Извештај за туристички промет (споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2018 год. во однос на 2017 год.), според записници од Општински инспекторат.

**I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на Општина Охрид за периодот од 01.01.2018 до 31.03.2018 год.**

**1. УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИ ДЕЈНОСТИ**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1. Изработка на Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид - активни мерки за подобрување на конкурентноста и услугите во туристичко – угостителскиот сектор** | | | | | |
| **1** | Јануари-март 2018 | Изработка на Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид | Во рамки на активностите на *SWISS Contact* и *IMEI* програмата, а во соработка со универзитетот во Сент Гален, се изработува Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид | Одржани се нови состаноци со изработувачите на стратегијата при што е констатирано дека потребно е да се вклучи нов пристап кон нејзината финализација, вклучувајќи ги и насоките кои треба да се добијат од УНЕСКО. Воедно во овој период во Охрид престојуваше експерт од *Global Sustainable Tourism Council*, кој изврши прелиминарни истражувања за проценка на дестинација, како дел од активностите кои ќе бидат дел од процесот на развој на стратегијата. | Не се потрошени финансиски средства |
| **1.2. Управување со туристичките дејности од мал обем во надлежност на единицата на локална самоуправа Општина Охрид** | | | | | |
| **1** | Јануари-март 2018 | Континуиран процес на извршување категоризација и регистрација на станоиздавачи | Активностите опфаќаат излегување на терен на Комисиите по однапред поднесено барање од страна на лицата кои вршат угостителска дејност и изведување на процесот на категоризација на објектите. | Регистрирани се вкупно 2643 станоиздавачи од кои во 2018година за овој период се регистрирани 17 нови станоиздавачи | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на Одделението. |
| **2** | Јануари-март 2018 | Континуиран процес на продолжување на решенијата за категоризација на | Постапката за продолжување на решенијата за категоризација се одвива по претходно утврдена процедура. | Во периодот од јануари до март продолжени се 17 решенија за категоризација | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | | станоиздавачи | | | активности на Одделението. |
| 3 | Јануари-март 2018 | Регистрација на физички лица кои вршат услужни дејности поврзани со водениот превоз | Согласно Законот за туристичка дејност сите вршители на туристички услуги поврзани со водениот превоз се регистрираат во регистарот што го води градоначалникот на Општина Охрид | Во секторот за ТЛЕР се регистрирани 20 физички лица од оваа област, даватели на услуги поврзани со водениот превоз – кајчиња. | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на Одделението. |
| 4 | Јануари-март 2018 | Заверка на нормативи за храна и пијалаци | Согласно Законот за угостителска дејност угостителските објекти должни се да ги заверуваат нормативите за храна и пијалаци кои ги нудат односно даваат на своите гости. | Во секторот за ТЛЕР при Општина Охрид за периодот јануари – март 2018 согласно надлежноста заверени се 15 нормативи за храна и пијалаци | Не се потрошени финансиски средства |
| 5 | Јануари-март 2018 | Пријава за утврдување на работното време | Согласно законот за угостителска дејност угостителските објекти должни се да го пријават своето работно време | Во секторот за ТЛЕР при Општина Охрид за периодот јануари – март 2018 согласно надлежноста, пријава поднеле вкупно 10 угостителски објекти | Не се потрошени финансиски средства |
| 6 | Јануари – март 2018 | Пополнување на база на податоци на вршители на угостителска дејност од мал обем | Водење на регистар во пишувана и електронска форма на лицата кои вршат угостителска дејност од мал обем | Прегледност на регистрирани станоиздавачи | Нема потрошени финансиски средства |
| 7 | Јануари – март 2018 | Пополнување на база на податоци на вршители на туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) | Водење на регистар во пишувана и електронска форма на лицата кои вршат туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) | Прегледност на регистрирани туристички водичи и агенции | Нема потрошени финансиски средства |
| **1.3. Субвенционирање на приватните станоиздавачи од мал обем** | | | | | |
| 1 | Јануари – март 2018 | Субвенционирање на туристичката такса на вршителите на угостителска дејност од мал обем | По објавениот јавен повик за субвенционирање на физичките лица кои вршат угостителска дејност (50% од извршената уплата на таксата за привремен престој) во месец јануари | Финансиска поддршка, но и поттикнување на приватните станоиздавачи да ја пријавуваат таксата за привремен престој што би допринесло до подобра | Извршена уплата во износ од 91.840,00 ден. за 14 барања за период јули – декември 2017. |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | имаат аплицирано вкупно 44 физички лица кои вршат угостителска дејност. | евиденција на гостите кои престојуваат во Охрид. | |

**2. ПРОМОЦИЈА НА ОХРИД КАКО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.1 Електронски маркетинг и онлајн промоција на туристичката понуда на Охрид** | | | | | |
| **1.** | Јануари – март 2018 | Електронски маркетинг и онлајн промоција на туристичката понуда на Охрид | Активноста предвидува комплетно редизајнирање на постоечата веб-страница www.ohrid.com.mk и нејзино дополнување со нови содржини. Воедно преку оваа активност е предвидено и изработка на мобилна апликација преку која сите корисници ќе имаат можност да се запознаат со туристичката понуда и услуги од Охрид преку преносните уреди (мобилни телефони, таблети и сл). | Во заедничка соработка со економскиот оператор извршено е редизајнирање на веб- страницата. Извршена е обука и започнати се активности за поставување информации со туристички содржини и воедно туристичката понуда на град Охрид каде туристите ќе ги добиваат потребните информации за Охрид. За мобилната апликација подготвена е тендерска документација, а тендерот ќе биде објавен во вториот квартал | Не се потрошени финансиски средства |
| **2.2 Туристичка промоција на Охрид и регионот во странски и домашни печатени и електронски медиуми** | | | | | |
| **1.** | Јануари – март 2018 | Туристичка промоција на Охрид и регионот во странски и домашни печатени и електронски медиуми | Контактирани се странски печатени и електронски медиуми за прибирање на најдобра понуда за избор за објава на репортажа за Охрид и промоција на туристичкиот потенцијал. | Контактирани медиуми од Р. Полска, Германија, Австрија, Турција. По разгледување на доставените понуди ќе се избира најдобрата понуда за промоција на Охрид и регионот. | Не се потрошени финансиски средства |
| **2.5. Меѓународна промоција на туристичкиот потенцијал на Охрид** | | | | | |
| **1.** | Февруари 2018 | Туристичка промоција на Охрид во Белград, Србија | Општина Охрид традиционално секоја година за време на одржувањето на Меѓународниот саем за туризам во Белград ја организира Охридската вечер. | Оваа година во Белград се организира Охридската вечер која се одржа на 22.02.2018 во ресторанот„ Амфора“, на која присуствуваа голем број на туроператори и новинари од Р. Србија. На вечерата се подготвуваше традиционална охридска и македонска храна и пијалаци. Од самата промоција беа остварени голем број на контакти за понатамошна соработка како и објавени повеќе натписи и репортажи во пишувани и електронски медиуми во Србија. | Исплатени финансиски средства во износ од 285.781 ден. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.** | Јануари – март 2018 | Промоција на Охрид на меѓународни туристички саеми и берзи | Во зедничка организација со Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на РМ доставен е промотивен материјал за промоција на град Охрид на меѓународните туристички саеми во:<br>Утрехт, Холандија<br>Истанбул, Р. Турција<br>Словенија, Љубљана<br>Брисел, Белгија<br>Софија, Р. Бугарија<br>Белград, Р. Србија<br>Берлин, Р. Германија<br>Москва, Русија<br>Израел, Тел Авив<br>Данска, Хернинг<br>Унгарија,Будимпешта<br>Хрватска, Загреб<br>Оваа активност опфаќа промоција на туристичкиот потенцијал на Охрид во таргетирани странски земји. | Преку Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на РМ испратени се промотивни материјали како туристички водичи на град Охрид, фотоброшури, постери, брошура на манифестации и др. вид на промотивен материјал се со цел промоција на Охрид на меѓународните туристички саеми и зголемување на бројот на странските туристи. | Не се потрошени финансиски средства |
| **2.7. Организација на промотивни активности и настани во соработка со туристичко угостителскиот сектор на Охрид** | | | | | |
| **1.** | Јануари – март 2018 | Заедничка организација на настани | Одржани неколку средби со претставници Угостителскиот еснаф на Охрид, Туристичкиот Кластер „Еден“, Здружението на туристички водичи и сл., при што се дефинирани конкретни активности кои ќе бидат реализирани во текот на оваа година. | Меѓусебна соработка на локалната самоуправа и туристичко-угостителскиот сектор во насока на изнаоѓање начини и методи за подобрување на имиџот на Охрид, воведување на нови туристички производи и зголемена промоција на градот на национално и меѓународно ниво | Не се потрошени финансиски средства |
| **2.9. Изготвување на печатен и електронски промотивен материјал за Охрид** | | | | | |
| **1.** | Јануари – март 2018 | Печатење (репринт) на промотивни материјали по разни сегменти како Фотобошура, Водич на град Охрид, Брошура за | Изготвување на печатен и електронски промотивен материјал за одделни сегменти на туристичката понуда на Охрид. | Директната и индиректната дистрибуција на промотивниот материјал се со цел доближување на туристичката понуда, културно-историските и природните убавини до | Извршена исплата за 2017 г за печатен промотивен материјал во износ од 362.189,00 ден |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | активен туризам,Брошура на манифестации | | потенцијалните потрошувачи | |

# 3.РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.2 Обележување (сигнализација) на туристичките места** | | | | | |
| **1** | Јануари – март 2018 | Сигнализација на туристички места | Со цел подигнување на континуирано подигање на квалитетот на туристичката инфраструктура, ќе бидат поставени информативни табли, патокази, хот- спот уреди и друга туристичка сигнализација на одредени локации и објекти на територијата на општина Охрид. | За таа цел подготвена е тендерска документација за избор на економски оператор за изработка на информативни табли и за поставување на хот - спот уреди на три локации во Охрид. На тој начин, на посетителите ќе им се подобри пристапот и доаѓањето до туристичките, културно-историските места како и пристап до интернет кај истите. | Нема потрошени финансиски средства |
| **3.3. Финансирање на локални микропроекти со цел поттикнување на развојот на туризмот** | | | | | |
| **1.** | Јануари - март 2018 | Јавен повик за финансирање на проекти од областа на одржливиот локален економски развој и туризмот за 2018 год. | Целта на оваа проектна активност беше финансирање на проекти од јавен интерес во насока на поддршка на развој на туризмот. | Јавен повик за финансирање на проекти од областа на одржливиот локален економски развој и туризмот за 2018 год. беше објавен на 31.01.2018 год. Пристигнати проектни предлози 15. Комисијата за спроведување на техничка евалуација ги рангираше пристигнатите проектни предлози согласно критериумите за техничка евалуација, изготви ранг - листа на најуспешни проектни предлози и врз таа основа донесе одлука од оваа програмска активност да се кофинансираат следните проекти:<br>1. Никола Балоски - регистриран давател на услуги во рурален туризам Охрид – „Селска кујна- | Не се потрошени финансиски средства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Рурална гастрономија“,<br>2.Здружение за рурален туризам, екологија и традиција – ОРТЕТ с.Куратица – „Свинишките валавици – Туристичка атракција“,<br>3. Здружение Тренинг центар за европско образование – „Туристички водич Охрид – џебен формат“,<br>4. Здружение „Натура“ институт за биолошки и биотехнолошки истражувања – „Да не ги заборавиме старите имиња на локалитетите на Охридското Езеро“, 5. Здружение Центар за општествен развој Охридија 365 Охрид – „Охрид непресушен извор на убавини“,<br>6. Здружение на граѓани за организирање хуманитарни активности – „Подадена рака“ Охрид – „Медиумска афирмација на руралните туристички можности“ | |

## II. Информација за наплата на таксата за привремен престој

Според податоците од Одделението за финансии и буџет, целокупната наплата на ТПП за периодот **од 01.01.2018 до 31.03.2018** година е следна:

**Приход од такса за привремен престој по месеци (добиени податоци заклучно со месец март)**

| | ВКУПНО | | | |
|---|---|---|---|---|
| Р.бр | Месец | Хотели | Приватни станоиздавачи | Вкупно |
| 1. | Јануари | 344.448 | 156.520 | 500.968 |
| 2. | Февруари | 211.072 | 67.024 | 278.096 |
| 3. | Март | 150.680 | 81.032 | 231.712 |
| 4. | Април | | | |
| 5. | Мај | | | |
| 6. | Јуни | | | |
| 7. | Јули | | | |
| 8. | Август | | | |
| 9. | Септември | | | |
| 10. | Октомври | | | |
| 11. | Ноември | | | |
| 12. | Декември | | | |
| | ВКУПНО | 706.200 | 304.576 | 1.010.776 |

**Во периодот од 01.01.2018 до 31.03.2018 година, согласно податоците од Одделението за финансии и буџет од такса за привремен престој собрани се вкупно 1.010.776 денари.**

**Споредба јануари - март**

**За споредба, во 2017 година за истиот период од такса за привремен престој од основни сместувачки капацитети и од сместувачки капацитети од мал обем се собрани вкупно 856.660,00 денари при што може да се забележи дека наплатата за 2018 година е зголемена за 18 % во споредба со наплатата по наведената основа во истиот период во 2017 година.**

## III. Извештај за туристичкиот промет (споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2018 год. во однос на 2017 год.)

| | РЕГИОН НА ОПШТИНА ОХРИД - ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ (НОЌЕВАЊА) | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.Б | Месец | Дом. ноќевања | | Однос % | Стр. ноќевања | | Однос% | Вкупно Ноќевања | | Однос % |
| | | 2017 | 2018 | 2018/17 | 2017 | 2018 | 2018/17 | 2017 | 2018 | 2018/17 |
| 1 | Јануари | 6483 | 7647 | 118.0 | 5332 | 5528 | 103.7 | 11815 | 13175 | 111.5 |
| 2 | Февруари | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Март | | | | | | | | | |
| 4 | Април | | | | | | | | | |
| 5 | Мај | | | | | | | | | |
| 6 | Јуни | | | | | | | | | |
| 7 | Јули | | | | | | | | | |
| 8 | Август | | | | | | | | | |
| 9 | Септември | | | | | | | | | |
| 10 | Октомври | | | | | | | | | |
| 11 | Ноември | | | | | | | | | |
| 12 | Декември | | | | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | 6483 | 7647 | 118.0 | 5332 | 5528 | 103.7 | 11815 | 13175 | 111.5 |

**Согласно податоците од Државен завод за статистика на РМ, бројот на ноќевањата од основни објекти за 01.2018 година во однос на 01.2017 година, е зголемен за 11.5 % и тоа: кај домашните ноќевања има зголемување за 18.0% , а кај странските има зголемување за 3,7%.**

**Број 08-5289/9-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2018 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година.

**Број 09-5289/10** **ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2018 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид".

**Број 08-5289/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

**I КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2018 ДО 31.12.2018 ГОДИНА**

**I Квартален извештај за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој за периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година.**

Во текот на првиот квартален период во2018година Одделението за ЛЕР ги вршеше задачите кои произлегуваат од Програмата за поддршка на локалниот економски развој на Општина Охрид за 2018 година.
Општина Охрид оваа Програма ја реализира преку Секторот за ТЛЕР и Одделението за локален економски развој, согласно своите надлежности и задолженија, а во насока на подобрување на економската клима и условите за локален развој, според претходно усвоените дефинирани стратешки цели и приоритети, од стратегијата за одржлив локален економски развој.

Активностите за реализација на Годишната програма за 2018г. се реализираат во следните Потпрограми или области на делување:
1.Поддршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество на заедницата;
2.Зајакнување на локалниот економски развој и зголемување на конкурентноста на претпријатија;
3.Одржлив локален развој и рационална употреба на ресурси;
4. Подготовка на проекти и проектно управување и
5.Други оперативни расходи и договорни услуги.

**Посебен акцент во текот на 2018 година во работењето на Одделението за локален економски развој беше даден на следните активности:**

- **Објавен јавен повик за финансирање на проекти од областа на одржливиот локален економски развој и туризмот за 2018 год.**
- Финализирање на постпроектен процес на проект *WATER.NET* во соработка со Факултетот за туризам и угостителство Охрид и во пратнерство со Р. Грција добиен од програмата на ИПА за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Грција.
- Поднесување финален извештај на проектот *SUPPORT CROSS BORDER UNTERPRENEURSHIP / TRANSNATIONAL BUSINESS CONSULTANT SCBE / TBC* во соработка со НВО Центар за климатски промени и во пратнерство со Р. Грција добиен од програмата на ИПА за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Грција.

- Финализирање на постпроектен процес на проект *LAKtive Tourism”* во соработка со конзорциум на градови со езера од европската програма *COSME.*
- Проект:Меѓугранична соработка и интегрирани здравствени и социјални услуги за стари лица и деца и нивна рана превенција,акроним„крос4ол“,од првиот повик за проектни предлози од ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Грција – Република Македонија 2014-2020, во Приоритетна оска: Промовирање на социјална и културна инклузија преку границите. Проектот е во партнерство со водечки партнер–Лабораторија на медицинска информатика на Универзитетот Аристотел во Солун и партнери: Општина Неаполис, Грчка Национална Конфедерација на лица со попреченост, Факултет за Информатички и комуникациски технологии, „Св.Климент Охридски “-Битола, Општина Охрид и Кардиолошкиот Центар „Св.Стефан “– Охрид,
- Имплементација на проект од програмата на Балкан МЕД „Е-систем“ - акроним на проектот „ИРК-ХЕРМЕС“ во партнерство Универзитет за технологија од Кипар.
- Активности и задачи за олеснување на пристапот кон вработувањето за граѓаните на општина Охрид преку одржување на веб -портал на страницата на Општина Охрид www.ohrid.gov.mk
- Реализација на серија стручни обуки за невработени лица, како и обуки за преквалификација и доквалификација во соработка со соодветни институции и работодавачи, со цел стимулирање на социјалната интеграција на невработените и подобрување на нивните квалификации за идно вработување.

Детални информации за активностите и резултатите се дадени во Анекс 1

**АНЕКС 1**

**1. Реализација на програмата за подршка на локалниот економски развој за периодот од 01.01.2018 до 31.03.2018год.**

**1. Поддршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество на Заедницата.**

1.1. Финансирање на локални микропроекти за потикнување на локалниот економски развој согласно Стратегијата за одржлив развој и Стратегијата за рурален развој на општина Охрид

1.2. Имплементација на активности од Стратегија за рурален развој 2014-2018 година

**2.Зајакнување на локалниот економски развој и зголемување на конкурентноста на претпријатија.**

2.1.Поттикнување на партнерства и стимулативни мерки како модел за поддршка на развојот на МСП и претприемништвото

2.2. Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд

2.3.Организирање на саем за вработување и пазар на идеи

2.4. Промоција на можностите за инвестирање во општина Охрид

2.5. Партнерства и соработки

2.6. Одржување состаноци со релевантни преставници на бизнис-заедницата во Охрид со цел унапредување на бизнис- климата во градот

**3. Одржлив локален развој и рационална употреба на ресурси**

3.1.Поттикнување на брендирање на производи и услуги во локалната економија.

3.2. Изработка на физибилити студија и основен проект за изградба на откупно дистрибутивен центар во Охрид
3.3.Едукативно информативни работилници и семинари за можностите за искористување на средствата од ИПАРД програмата како и за средствата од Агенцијата за рурален развој
3.4.Советувања и обука на производителите за производство на органска храна
3.5.Тековни активности на мобилната канцеларија во рамките на локалната самоуправа за давање стручни совети на земјоделците

**4.Подготовка на проекти и проектно управување**

4.1.Подигнување на капацитетот на човечките ресурси за подготовка на проекти и проектно управување
4.2. Изработка на проектна и техничка документација
4.2.Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти
4.3.8.Средства од аплицирани и одобрени проекти

**5. Други оперативни расходи и договорни услуги.**

5.1. Договорни обврски
5.2. Други оперативни расходи

## 1.ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1 Финансирање на локални микропроекти за потикнување на локалниот економски развој согласно Стратегијата за одржлив развој и Стратегијата за рурален развој на општина Охрид** | | | | | |
| **1.** | Јануари - март2018 | Јавен повик за финансирање на проекти од областа на одржливиот локален економски развој и туризмот за 2018 год. | Целта на оваа проектна активност беше финансирање на проекти од јавен интерес во насока на поддршка на локалниот економски развој. | Јавен повик за финансирање на проекти од областа на одржливиот локален економски развој и туризмот за 2018 год. беше објавен на 31.01.2018 год.Пристигнати проектни предлози 15. Комисијата за спроведување на техничка евалуација ги рангираше пристигнатите проектни предлози согласно критериумите за техничка евалуација, изготви ранг - листа на најуспешни проектни предлози и врз таа основа донесе одлука од оваа програмска активност да се кофинансираат следните проекти:1. Нуркачки центар „АМФОРА“ – Охрид, „Подводниот свет во Охридското Езеро - Изложба на отворено”, 2. Здружение „Св. Василиј“ с.Куратица –Реставрација на каптажи извори с. Куратица. | Не се потрошени финансиски средства |
| **1.2. Имплементација на активности од Стратегија за рурален развој 2014-2018година** | | | | | |
| **1.** | Јануари-март2018 | Јавен повик за финансирање на проекти од областа на одржливиот локален економски развој и туризмот за 2018 год. | Целта на оваа проектна активност беше финансирање на проекти од јавен интерес во насока на реализација на активности од Стратегијата за рурален развој. | Јавен повик за финансирање на проекти од областа на одржливиот локален економски развој и туризмот за 2018 год. беше објавен на 31.01.2018 год.Пристигнати проектни предлози 15. Комисијата за | Не се потрошени финансиски средства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | спроведување на техничка евалуација ги рангираше пристигнатите проектни предлози согласно критериумите за техничка евалуација, изготви ранг листа на најуспешни проектни предлози и врз тој основ донесе одлука од оваа програмска активност да се кофинансираат следните проекти: 1. Здружение за развој „ИДНИНА“, Обнова на селскиот дом – с. Куратица фаза 4, 2. Здружение на граѓани „Љубители на родниот крај Скребатно“ – „Децата и спортот – изградба на две повеќенаменски детски игралишта во с.Лескоец“. | |

## 2. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА

| Бр | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.1.Поттикнување на партнерства и стимулативни мерки како модел за поддршка на развојот на МСП и претприемништвото** | | | | | |
| **1.** | Јануари - март 2018 | Анализа на стопанските субјекти на територијата на општина Охрид | Извршено е скенирање на сите постоечки индустриски капацитети на територијата на општина Охрид, истите се мапирани во одделни индустриски зони и групирани според одделни економски активности. Подготвен е план за работни средби со менаџерите на реалниот сектор со цел идентификација на постоечките состојби, капацитети и инфраструктура. | Краен резултат на активностите ќе биде изработка на интерактивна мапа на стопанските зони и капацитети која ќе овозможи во реално време да се има увид во состојбите и да се овозможи на локалната власт ефикасно планирање на идните активности за подобрување на инфраструктурните и други состојби. | Не се потрошени финансиски средства |
| **2.2. Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд** | | | | | |
| **1.** | Јануари - март 2018 | Реализација на серија на стручни обуки за невработени лица, како и обуки за преквалификација и доквалификација во соработка со соодветни институции и работодавачи, со цел стимулирање на социјалната интеграција на невработените и подобрување на нивните квалификации за идно вработување. | Изборот на струките за кои се врши прекфалификација и докфалификација се направи врз основа на спроведени анкетни истражувања за потребите на охридското стопанство. Целта е да се мотивираат сегашните и идни студенти, млади и невработени лица, да ги изградат своите претприемачки вештини со цел да овозможат преземање на иницијативи и одговорности, вградувајќи ги нивните желби и компетенции надградени низ формата на доживотно учење. | Во насока на успешна реализација на планираната активност Општина Охрид преку Секторот за ТЛЕР спроведе анализа за побаруваните занимања во поглед на различните образовни профили и степенот на образование (вклучувајќи високообразован, технички, занаетчиски кадар и слично) на ниво на општина Охрид. Анализата беше спроведена со цел да се добијат релевантни податоци за обемот на побарувачка на работна сила, како и профилот на занимања | Не се потрошени финансиски средства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | кои се бараат во Охрид со што би се овозможило полесна вработливост на граѓаните.<br>Согласно резултатите од спроведеното анкетно истражување анкетираните компании како дефицитарни кадри ги истакнале: електро-монтери и заварувачи.<br>Со оглед на зголемениот број на полски туристи во Охрид, Општина Охрид организира и курсеви за полски јазик.<br>Планираните обуки ги спроведува Општинската јавна установа „Кузман Шапкарев“. (Обуките започнаа на 12 март и се во тек ).<br>Со оваа мерка беа опфатени вкупно 34 лица кои претходно беа избрани на јавен повик за пројавување на интерес врз основа на претходно дефинирани критериуми. | |
| **2.3. Организирање на саем за вработување и пазар на идеи** | | | | | |
| **1.** | Јануари – март 2018 | Организациија на саем за вработување и пазар на идеи за остварување на непосреден контакт на невработените лица со компаниииите и можност за нивно понатаможно професионално ангажирање. | Следејќи ги светските трендови организацијата на саемот за вработување ќе овозможи остварување на непосреден контакт на невработените лица со компаниииите кои нудат работа.На ваков начин невработените лица ќе имаат можност да се информираат за слободните работни места на пазарот на труд. Предвидено е на саемот да бидат застапени компании од различни категории, се со цел овоозможување на богата понуда за што поголем број на профили и струки. Покрај тоа, саемот е | Изработена е техничка спецификација за спроведување на процедура за избор на економски оператор за организација на саем за вработување и пазар на идеи.<br>Тендерот ќе биде објавен во вториот квартал. | Не се потрошени финансиски средства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | замислен и да овозможи поврзување помеѓу креативни идеи, развој на нови производи и услуги како понуда од една страна и компаниите кои би ги поддржале истите во насока на развој на сопствениот бизнис. | | |
| **2.4. Промоција на можностите за инвестирање во општина Охрид** | | | | | |
| **1.** | Јануари – март 2018 | Изработка на брошура „Инвестирајте во Охрид“ и обновување на база на податоци на веб- гис платформа. | За реализација на оваа програмска активност Општина Охрид изработува и печати брошура „Инвестирајте во Охрид“, документ за промоција на капацитети поволни за инвестиции кои Општина Охрид ги нуди на инвеститори со цел подобрување нае кономскиот раст и развој. Истата содржи податоци за капацитет и од државна и приватна сопственост кои се погодни за инвестирање со што се збогатува понудата на локации и сегменти во делот на браунфилд и гринфилд инвестициите. Податоците од брошурата ќе бидат компатибилни и достапни преку ВЕБ-ГИС платформа која е изработена во соработка со Центарот за Развој на Југозападен плански регион и истата има за цел промоција на капацитети поволни за инвестиции кои Општина Охрид ги нуди на инвеститорите. Веб-платформата ќе се ажурира тековно со што потенцијалните инвеститори ќе имаат пристап до релевантни податоци | Отпочнат е процес на дефинирање на локации погодни за инвестиции во соработка со Секторот за урбанизам кои ќе бидат внесени во брошурата и веб- гис платформата изработена од страна на Центарот за Развој на Југозападен плански регион. | Не се потрошени финансиски средства |
| **2.5. Партнерства и соработки** | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Јануари – март 2018 | Во рамки на оваа активност предвидено е отпочнување на постапка за регистрација на ЛАГ. | ЛАГ-овите се основни единици преку кои се спроведуват.н. ЛЕАДЕР Програмата за рурален развојна ЕУ, насочена кон создавање работни места и подобрување на животниот стандард во руралните заедници и урбани региони. Целтана ЛАГ-овите е подобрување на економскиот потенцијал на заедниците преку заедничко делување на јавниот, приватниот и невладиниотсектор. | Краен резултат на активностите ќе биде изработка на Стратегија на ЛАГ-от и регистрирање на ЛАГ како правен субјект. | Не се потрошени финансиски средства |

**3.ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА РЕСУРСИ**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.1. Поттикнување на брендирање на производи и услуги во локалната економија** | | | | | |
| **1.** | Јануари – март 2018 | Активноста предвидува воведување на процедури, ознаки и правилници за користење на локално лого и знак за типични локални производи и услуги. Целта е одржување на автентичноста на локалниот производ и зголемување на конкурентноста на производите и услугите. | Целта на воведување на брендот „ЛОКАВОРЕ “ е поврзување на производителите на храна и потрошувачите на храна во истиот географски регион со цел да развијат повеќе самоодрживи и еластични мрежи за храна; поголем пласман на локално произведената храна во хотелско-угостителскиот сектор; подобрување на локалните економии; зголемено влијание врз здравјето и животната средина на заедницата или општеството на одредено место.<br>Терминот, исто така е проширен за да ја вклучи не само географската локација на добавувачот и потрошувачот, туку може да биде „дефиниран во однос на социјалните карактеристики и карактеристики на синџирот на снабдување“.<br>Правилникот кој е предвидено да се изработи преку реализација на оваа активност треба да ги содржи условите за правото на употреба на ознаката „ЛОКАВОРЕ РЕСТОРАН’’, како и да ја утврди стандардната форма и содржина на образецот кој од страна на барателот ќе се пополнува и поднесува со цел добивање право на користење на | Изработена е техничка спецификација за спроведување на процедура за избор на економски оператор за воведување на процедура, ознака и правилник за користење на локално лого и знак за типични локални производи и услуги. Тендерот ќе биде објавен во вториот квартал. | Не се потрошени буџетски средства. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | ознаката „ЛОКАВОРЕ РЕСТОРАН’’. | | |
| **3.2. Изработка на физибилити студија и основен проект за изградба на откупно дистрибутивен центар во Охрид** | | | | | |
| **1.** | Јануари – март 2018 | Активноста предвидува изработка на физибилити студија и основен проект за изградба на откупно дистрибутивен центар во Охрид. Обезбедувањето на наведената документација е неопходна за непречена изградба на откупно дистрибутивен центар кој пак е од особено значење за подигнување на локалната економија во општина Охрид. | Изградбата на откупно дистрибутивниот центар е од големо значење за производителите на земјоделски производи бидејќи на ваков начин ќе го надминат проблемот за складирање и понатамошно пласирање на локалните продукти од една страна а од друга страна ќе се овозможи поврзување на локалното и регионално сточарско земјоделско производство со секторот на потрошувачка на локалниот производ. | Изработена е проектна задача за спроведување на процедура за избор на економски оператор за изработка на физибилити студија за изградба на откупно дистрибутивен центар во Охрид.Тендерот ќе биде објавен во вториот квартал. | Не се потрошени буџетски средства. |
| **3.5.Тековни активности на мобилната канцеларија во рамките на локалната самоуправа за давање стручни совети на земјоделците** | | | | | |
| **1.** | Јануари – март 2018 | Попис за експропријација на земјиште и трајни насади и посеви во корист на општината. | Редовна процедура на вршење на попис за експропријација на земјиште и трајни насади и посеви во корист на општината. | Изготвени и завршени 10 записници, во постапка 5 записници | Не се потрошени буџетски средства. |
| **2.** | Јануари – март 2018 | Легализација на времени земјоделски објекти. | Редовна процедура на легализирање на земјоделски објекти. | Поднесени 10 барања, решени 3, во постапка 7 | Не се потрошени буџетски средства. |
| **3.** | Јануари – март 2018 | Проценки на штети од елементарни непогоди на објекти, насади и посеви како и изготвување на информации од областа на земјоделството. | Процес за процена и обесштетување од елементарни непогоди.<br><br>Изработени проценки на штети опожарени објекти и други временски неприлики на индивидуални станбени објекти | Поднесени 3 барања<br>Изготвени се 1 елаборат и завршен, а во постапка 1 елаборат, а поднесени 110 барања<br>Поднесени се 15 барања, и за истите се изготвени записници | Не се потрошени буџетски средства. |
| **4.** | Јануари – март 2018 | Изготвување на извештаи од областа на | Изготвување на информации за состојбата на земјоделско државно | Изготвена е 1 информации од областа на земјоделството | Не се потрошени буџетски средства. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | земјоделството | земјиште. | | |
| **5.** | Јануари – март 2018 | Издавање на ИПАРД 1 и 2 потврди согласно Стратегијата за одржлив економски развој на општина Охрид. | Развој на локалната економија, вработувањето и рационалното искористување на природните и демографските ресурси и стратешки цели за поддршка на развојот на индивидуалните земјоделци. | Издадени се 10 потврди за набавка на земјоделска механизација и опрема | Не се потрошени буџетски средства. |

**4.ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.2. Изработка на проектна и техничка документација** | | | | | |
| **1.** | Јануари – февруари 2018 | Член на работна група од Владата на РМ, а како претставник на Општина Охрид учествуваше во подготовка на Акционен план и Извештајот за напредокот во Охрид, во врска со препораките и забелешките на Мисијата на УНЕСКО, после посетата на Охрид. | Целта на оваа работна група беше да подготви Акционен план и Извештај до Центарот за светско наследство на УНЕСКО. Во рамките на овој Извештај беа внесени и активностите кои се преземени од Општина Охрид, а кои се однесуваат на одредени забелешки од посетата на Мисијата на УНЕСКО на Охрид. | Извештајот за напредокот е усвоен од страна на Владата на РМ на 54. седница одржана на 13.02.2018 г. Извештајот е доставен до Центарот за светско наследство на УНЕСКО. | Не се потрошени средства за реализација на оваа активност |
| **2.** | Јануари – март 2018 | Светска банка- МСИП | Подготвена и одобрена документација за искористување на заштеди од кредитната линија за набавка на 7 специјални комунални возила за ЈП „Охридски Комуналец“. Проценета вредност на набавката е 27,612,885 МКД со ДДВ | Во процес на имплементација | Не се потрошени буџетски средства за реализација на оваа активност |
| **3.** | Јануари – март 2018 | Конкурс за распределување на средства за финансисрање и релизирање на програми , проекти и други активности од областа на животната средина при Министерството за животна средина и просторно планирање за 2018г. | Подготвени и аплицирани две барања за јавен конкурс во Програма за инвестирање во животната средина за 2018 аплицирано е за: 1. Изработка на проектно-техничка документација (инфраструктурен и основен проект) за изградба на примарна и секундарна канализациска мрежа со предвидена локација на станица за третман на отпадни води во с. Косел - општина | Во процес на евалуација | Не се потрошени буџетски средства за реализација на оваа активност |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Охрид (проценета вредност со ДДВ 1.500.000,00); 2. Набавка на опрема за три пумпни станици(Далјан, „Метропол“, „Орце Николов“) за систем за одведување и пречистување на отпадни води (регионален колкторски систем)за заштита на животната средина (проценета вредност 2.122.000,00 МКД) | | |
| **4.** | Јануари – март 2018 | Јавен повик за финансирање на проекти од Биро за регионален развој 2018 | Подготвен и аплициран предлог-проект за развој на подрачја со специфични развојни потреби – Подобрување на комунална инфраструктура во општина Охрид преку изработка на проектно-техничка документација:1.Изработка на инфраструктурен и основен проект за изградба на локален пат во с. Рамне кој води до црквата Св. Атанасија во должина од 1.500м со проценета вредност од 1,200.000.00 МКД со ДДВ; 2.Изработка на инфраструктурен и основен проект на систем за одведување на отпадни води во населено место Љубаништа и Св. Наум на површина од 350 хектари со проценета вредност од 400.000.00 МКД со ДДВ). | Во фаза на евалуација | Не се потрошени буџетски средства за реализација на оваа активност |
| **4.3. Средства за сопствено учество во имплементација на проекти** | | | | | |
| **1.** | Јануари-март 2018 | Со оваа активност се предвидени средства за сопствено учество во општински, регионални, национални и меѓународни проекти | Средствата од оваа активност се наменети за сопствено учество во проектите: *IRC –HERMES* од програмата на Балкан Медитеран и проектот *CROSS 4 ALL* од програмата на ИПА за прекугранична соработка помеѓу Грција и Македонија.Проектот *IRC - HERMES* во делот на Општина има дел од грантот во износ од 121.000 ЕУР од кои 15% се | Двата проекти се во почетна фаза на имплементација. За проектот *IRC – HERMES* е потпишан договор за партнерство и договор за финансирање помеѓу водечкиот партнер и Делегација на ЕУ. За проектот *CROSS 4 ALL* потпишан е договор за партнерство и е отворена посебна сметка. | Во овој квартал префрлени се 1,200,000 МКД од делот на сопствено учество на посебна проектна сметка за проектот *IRC – HERMES*. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | сопствено учество на Општина Охрид во износ од 18.150 Еур, додека проектот *CROSS 4 ALL*во делот на Општина Охрид изнесува 142.810 Еур, а делот на сопствено учество изнесува 15% или 21.421 Еур. | | |
| **4.4. Средства од аплицирани и одобрени проекти** | | | | | |
| **1.** | Јануари - март 2018 | Проект *WATER.NET* во соработка со Факултетот за туризам и угостителство Охрид и во пратнерство со Р. Грција добиен од програмата на ИПА за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Грција. | Носител на проектот од Македонска страна е Општина Охрид во партнерство со Факултетот за туризам и угостителство од Охрид и беше извршена изведба на пешачка патека од 200 метри во рамки на постоечката патека која започнува после мостот од Билјанини извори, изградба на модерен туристичко-информативен центар и други промотивни активности, а во делот на ФТУ Охрид и изведба на ботаничка градина во рамки на Факултетот. | Во овој квартал се работеше на финализација на исплата со ДЕУ по финален наративен и финансиски извештај | Во овој квартал не се потрошени финансиски средства |
| **2.** | Јануари - март 2018 | Проект *SCBE/TBC Support cross border entrepreneurship/transnational business –consultant* во соработка со НВО Центар за климатски промени од Охрид и во партнерство со *HellenikMenagement Association, Greek Association of IT и Technopolis International Institute for Education* одР. Грција добиен од програмата на ИПА за прекугранична соработка помеѓу Македонија и | Носител на проектот од Македонска страна е општина Охрид во партнерство со НВО Центар за климатски проемени од Скопје имплементираше активности за зајакнување на претприемништвото во охридскиот регион и формирање на нови бизниси преку подготовка на СВОТ и ПЕСТ анализи за бизнис клима на Југозападен регион, одржување на обуки за претприемништво за невработени лица и обуки за претприемаштво за вработени лица во Југозападен регион. | Проектот заврши на 07.12.2017 и во овој квартал беше изготвен финален финансиски и наративен извештај за спроведените активности и истите беа поднесени до екстерен ревизор и беа одобрени и доставени до Европска Делегација во Р.М во рамки на пропишаниот рок.<br>Во делот на финансиска реализација беше исплатен екстерниот ревизор во износ од 92.000 мкд според пропишаниот буџет за оваа ставка. | Износот на потрошени средства во овој квартал изнесуваше 92,000 мкд. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Грција. | | | |
| **3.** | Јануари - март 2018 | Имплементација наПроект „Меѓугранична соработка и интегрирани здравствени и социјални услуги за стари лица и деца и нивна рана превенција” акроним*„CROSS4ALL“* | Проектот е во фаза на имплементација во партнерство со водечки партнер - Лабораторија на медицинска информатика на Универзитетот „Аристотел“ во Солун и партнери: Општина Неаполис,Грчка Национална Конфедерација на лица со попреченост,Факултет за Информатички и комуникациски технологии „Св.Климент Охридски “- Битола,Општина Охрид и Кардиолошкиот Центар„Св.Стефан“ – Охрид,поднесен на Првиот повик за проектни предлози од ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Грција – Република Македонија 2014-2020, во Приоритетна оска: Промовирање на социјална и културна инклузија преку границите, Специфична цел: Подобрување на здравствената заштита и социјалните услуги на децата и старите. | Проектот е во фаза на имплементација со претставници на Заеднички технички секретеријат од Солун, Грција како надлежно тело за спроведување на Програмата и направени се ревидирања на буџет и активности со партнерите. Вкупен буџет на проектот е 1.130.290.00 евра. Ревидиран вкупен буџет на проектот за општина Охрид изнесува 142.810.00 ЕУР Склучен е договор за партнерство. | Не се направени финансиски трошоци за проектот. |
| **4.** | Јануари -Март 2018 | Имплементација на Проект „Транснационална соработка“ во рамки на програмата Интеррег Балкан-Медитеран 2014-2020, во Приоритетна оска 2: Животна средина, Специфична цел: 2.2 Одржливи територии: подобрување на меѓународната соработка за ефикасноста на ресурсите и | Имплементација на Проект „Интеррегионално управување со културното наследство Е-систем“ акроним на проектот „ИРК-ХЕРМЕС“во партнерство со Универзитет за технологија од Кипар - Водечки партнер на проектот и партнер 1, Истражувачки и иновативен центар за информации, комуникација и знаење на технологии Атина од Грција - Партнер 2, Општина Самос од Грција - Партнер 3, Општина Крф од Грција - Партнер 4, ЕЛЕТ од | Во оваа фаза беше утврден Вкупен буџет на проектот е 1.022.720,00 евра и финалниот буџет за Општина Охрид 121.450,00 евра за реализација на проектни активности. Потпишан е Партнерскиот договор (7 проектни партнери од Кипар, Македонија, Албанија и Грција). Започната е имплементацијата на европскиот проект од 24 јануари.2018 година. | Не се направени финансиски трошоци за проектот. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | климатските промени еластичност. | Грција – Партнер 5, Општина Охрид од Македонија - Партнер 6, Општина Ѓирокастра од Албанија - Партнер 7. Проектот се однесува на дигитализација на културното наследство преку повеќе активности. | | |
| **5.** | Јануари -Март 2018 | Проект од *COSME* Програмата на Европската Унија *–LAKtive Tourism* | Проект од *COSME* Програмата на Европската Унија *–LAKtive Tourism* (Европски партнерски проект од повеќе европски земји од Европската мрежа на езера. Главната цел на Проектот е продолжување на туристичката сезона и креирање на туристички понуди за целна група сениори (55 +) и престој во Охрид вон главната сезона (претсезона и после главната сезона). | Проектните активности на Општина Охрид се комплетно и успешно имплементирани според одобрениот буџет од Европската Комисија во 2017.Прифатен е финалниот Извештај за Општина Охрид за Проектот LAKtive Tourism од страна на Европската Комисија. Во 2018 извршено е балансно порамнување (плаќање) од страна на Водечкиот партнер по претходно одобрени финални извештаи на проектните партнери.Во овој квартал пристигнати се дополнителни 6000 Еур. за постпроектни активности кои ќе се реализираат во наредниот период | Не се направени финансиски трошоци за проектот. |

**Број 08-5289/10-1**
**23.04.2018 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2018 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03. 2018 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2018 година за периодот од 01.01. до 31.03. 2018 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година.

**Број 09-5289/11** **ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2018 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03. 2018 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2018 година за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5289/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2018ОД 01.01.2018 ДО 31.03.2018 година**

Во текот на првиот квартал од 2018 година се работеше на изработка плановите предвидени со Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2018. Дел од нив се комплетираат за согласност во Министерството за транспот и врски, дел се во фаза на изработка, а дел сè уште не се отпочнати со работа.

| | | |
|---|---|---|
| | **I-1. ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ФИНАНСИРАН ОД ОПШТИНА** | |
| | Измена и дополнување на ГУП на град Охрид,за УЗ 2- УБ 2.2,2.4; УЗ 5-УБ 5.2,5.4; УЗ 9-УБ 9.1,9.3; УЗ 12-УБ 12.2; УЗ 13-УБ 13.2; УЗ 17-УБ17.1; | |
| | • **Даден на постапување по забелешките од неиздавање на согласност од МТВ** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **I-2. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | |
| | **Урбан блок 1.1** | |
| | ДУП за УЗ 1, УБ 1.1- опфат Табана | |
| | ▪ **Изработка на нова ажурирана подлога бидејќи има проблем со катастарот** | |
| | **Урбан блок 2.1** | |
| | ДУП УЗ 2, УБ 2.1-опфат Кеј (Ривиера) | |
| | ▪ **Изработка на нова ажурирана подлога бидејќи има проблем со катастарот**<br>▪ **Нов анекс на заштитно -конзерваторски основи** | |
| | **Урбан Блок 4.3** | |
| | ДУП во УЗ 4 УБ 4.3 | |
| | ▪ **Потпишана Планска програма** | |
| | **Урбан Блок 4.4** | |
| | ДУП во УЗ 4 УБ 4.4 | |
| | ▪ **Доставен прилог предлог - план раб. верзија** | |
| | **Урбан Блок 5.2** | |
| | ДУП во УЗ 5 УБ 5.2 | |
| | ▪ **Електронска работна верзија на нацрт - план** | |
| | **Урбан Блок 5.3** | |
| | ДУП во УЗ 5 УБ 5.3 | |
| | ▪ **Се подготвува за повторена јавна анкета** | |
| | **Урбан Блок 5.4** | |
| | ДУП во УЗ 5 УБ 5.4 | |
| | ▪ **Планот е нема активности поради измената на ГУП** | |
| | **Урбан Блок 6.1** | |
| | ДУП за УЗ 6 дел од УБ 6.1 - Опфат 2 | |
| | ▪ **Нацрт - планот вратен на корекции кај изработувач** | |
| | **Урбан Блок 8.3** | |

| | | |
|---|---|---|
| | ДУП за УЗ 8 УБ 8.3 – Опфат 1 | |
| | ▪ **Кај изработивачот се коригираат забелешките од Министерството за транспорт и врски и се подготвува за согласност** | |
| | **Урбан блок 10.1** | |
| | ДУП за УЗ 10 дел од УБ 10.1 опфат 2 | |
| | ▪ **Планот нема активности поради измената на ГУП** | |
| | **Урбан блок 12.4** | |
| | ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 - опфат 3 | |
| | ▪ **Изработка на нова ажурирана подлога за усогласување со новиот катастар и повторена јавна анкета** | |
| | **Урбан блок 14.2** | |
| | ДУП за УЗ 14, дел од УБ 14.2 – опфат 1 | |
| | ▪ **Фаза изработка на нацрт - план** | |
| | **Урбан блок 15.1** | |
| | Измени и дополнувања на ДУП за УЗ 15 („15. Корпус“) дел од УБ 15.1 плански опфат 1 | |
| | ▪ **предаден за согласност во Министерство за транспорт и врски** | |
| | **Урбан блок 15.4** | |
| | ДУП за УЗ 15, дел од УБ 15.4 – опфат 1 | |
| | ▪ **Се постапува по негативен допис добиен од Агенција за катастар** | |
| | **Урбан блок 16.1** | |
| | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.1 – опфат 4 | |
| | ▪ **Постапка во фаза на отпочнување** | |
| | **Урбан блок 16.3** | |
| | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.3 – опфат 4 | |
| | ▪ **Се постапува по негативен допис добиен од Агенција за катастар** | |

| | | |
|---|---|---|
| **I-3. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
| | УПВНМ Чекоштина | |
| | ▪ **Изработени ажурирании подлоги** | |

| | | |
|---|---|---|
| **I-4. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
| | УП за село Велестово | |
| | ▪ **Изработени ажурирании подлоги** | |

| | | |
|---|---|---|
| | УП за село Пештани | |
| | ▪ **Се постапува по забелешките од Министерството за транспорт и врски по неиздавање на согласност** | |

| | | |
|---|---|---|
| **I-5. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО -ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
| | ЛУПД за откупен центар на дел од КП. 702/1 ко Долно Лакочереј-вон град, општина Охрид | |
| | ▪ **Во фаза на пренамена на земјодеско во градежно земјиште** | |
| | ЛУПД градежна парцела на кп 2002 КО Лескоец - ОУ „ Ванчо Николески“ село Лескоец | |
| | ▪ **Се расчистуваат имотно - правните односи на земјштето** | |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| **II-1. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ ОД ВЛАДА** | | |
| | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 1 - „Табана“ | |
| | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 2 - „Болнички“ | |
| | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 3 - „Мал Свети Климент“ | |
| | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 4 - „Робевци“ | |
| | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 5 - „Радничка“ | |
| | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 и дел одУБ 1.2 – Урбан комплекс 6 - „Св.Софија“ | |
| | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплекс 7 - „Долни Сарај“ | |
| | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплекс 8 - „Канео“ | |
| | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 –Урбан комплекс 9- „Плаошник“ | |
| | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплек 10 – „Св.Врачи“ | |
| | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплек 11 – „Самуилова тврдина“ | |
| | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 и дел од УБ 1.2 – Урбан комплекс 12 - „Горна порта –Театар“ | |
| | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 13 - „Св.Богородица Перивлепта“ | |

| | | |
|---|---|---|
| | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 14 - „Чаршија“ | |
| | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 15 - „Месокастро“ | |
| | ДУП во УЗ 1 УБ 1.3 и дел од УБ 1.1– Урбан комплекс 16 - „Чинар“ | |
| | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1, дел од УБ 1.4 и дел од УБ 3.4 – Урбан комплекс 17 - „Кошишта“ | |
| | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2, дел од УБ 3.2 и дел од УБ 3.4 – Урбан комплекс 18 - „Воска“ | |

| | | |
|---|---|---|
| **II-2. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ФИНАНСИРАНИ ОД ВЛАДА** | | |
| | УПВНМ за Св. Наум | |
| | УПВНМ за изградба на туристички локалитет Горица-Св.Стефан- Метропол со пристаниште КО Коњско Општина Охр | |
| | УПВНМ за индустриска зона „Охрид“ КО Охрид 4 | |

| | | |
|---|---|---|
| **II-3. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ФИНАНСИРАНИ ОД ВЛАДА** | | |
| | ЛУПД „Купи куќа за млади,“<br>▪ **прекината постапка поради неможноста за пренамена од земјоделско во градежно земјште** | |

| | | |
|---|---|---|
| **III-1. ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ФИНАНСИРАН СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
| | Измена и дополнување на ГУП на Охрид за УЗ 7 УБ 7.1; УЗ 10 УБ 10.1; УЗ 17 УБ 17.4; | Прив.иницијатива |
| | ▪ **Одобрена иницијатива се чека отпочнување од страна на инвеститорите** | |

| | | |
|---|---|---|
| **III-2. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
| | **Урбан блок 2.2** | |
| | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.2 - опфат 2 | Прив. иницијатива |
| | ▪ **Доставен нацрт - план** | |
| | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.2 - опфат 3 | Прив. иницијатива |
| | ▪ **Доставен на разгледување предлог -план** | |
| | **Урбан блок 2.3** | |
| | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.3 - опфат 5 | |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ **На корекции по изработека на Анекс на конзерватроски услови** | |
| | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.3 - опфат 6 | |
| | ▪ **Добиени позитивни мислења од институции се подготвува за согласнот во Министерство за транспорт и врски** | |
| | ДУП во УЗ 2 дел од УБ 2.3 – опфат 7 | |
| | ▪ **Доставена е одобрена иницијатива до инвеститор за активност** | |
| | **Урбан блок 2.4** | |
| | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.4 - опфат 1 | |
| | ▪ **Се постапува по забелешки од анкетни листови** | |
| | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.4 - опфат 3 | |
| | ▪ **Доставен конечен предлог-план на разгледување** | |
| | **Урбан Блок 3.2** | |
| | ДУП во УЗ 3 дел од УБ 3.2 – опфат 2 | |
| | ▪ **кај планер за постапување по забелешките од Министерството за транспорт и врски** | |
| | ДУП за изменување и дополнување на ДУП за УЗ 3 – Кошишта, дел од УБ 3.2,за плански опфат помеѓу улиците: „Васил Стефоски“, „Махмуд Рифат“ и новопроектирани ул. | |
| | ▪ **одобрена иницијатива** | |
| | **Урбан Блок 4.6** | |
| | ДУП во УЗ 4.5 УБ 4.5 и УБ 4.6 | |
| | ▪ **планот ќе биде продожен по измената на ГУП** | |
| | **Урбан Блок 6.2** | |
| | ДУП за измени и дополнувања на ДЕЛ 2 од ДУП за 6-та УЗ УБ 6.2 | |
| | ▪ **Во Министерство за согласност** | |
| | **Урбан Блок 8.1** | |
| | ДУП за измени и дополнувања на ДУП за УЗ 8дел од УБ 8.1 - Опфат 1 | |
| | ▪ **Доставен предлог- план на разгледување** | |
| | **Урбан блок 9.1** | |
| | ДУП за УЗ 9 дел од УБ 9.1 - Опфат 2 ДЕЛ 1 | |
| | ▪ **Доставен предлог -план за комплетирање на согласнот во Министерство за транспорт и втски** | |
| | ДУП за УЗ 9 дел од УБ 9.1 – опфат 3 | |
| | ▪ **Се чека активности од планерот и ажурирани подлоги** | |
| | **Урбан блок 10.1** | |
| | ДУП за УЗ 10 дел од УБ 10.1 опфат 1 | |
| | ▪ **планот ќе биде продожен по измената на ГУП** | |
| | **Урбан блок 10.2** | |
| | ДУП воУЗ 10 дел од УБ 10.2 опфат 1 | |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ **одобрена планска се чека достава на предлог -план** | |
| | ДУП воУЗ 10 дел од УБ 10.2 опфат 2 | |
| | ▪ **одобрена иницијатива** | |
| | | |
| | ДУП за измена и дополнување на ДУП за УЗ 10 и 11 УБ 10.4 и 11.1, Влашка маала и „Градинар“ | |
| | ▪ **Доставен предлог- план за постапување на забелешки од комисија** | |
| | **Урбан Блок 11.2** | |
| | ДУП за УЗ 11 дел од УБ 11.2 – опфат 1 | |
| | ▪ **Усвоен нацрт- план и се подготвува за АКН за согласност** | |
| | ДУП во УЗ 11 дел од УБ 11.2 – опфат 2 | |
| | ▪ **одобрена иницијатива** | |
| | **Урбан Блок 12.1** | |
| | ДУП за измени и дополнувања на ДУП во УЗ 12 дел од УБ 12.1 - опфат 1 | |
| | ▪ **планот ќе биде продожен по измената на ГУП** | |
| | **Урбан Блок 12.2** | |
| | ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.2 - опфат 2 | |
| | ▪ **одобрена иницијатива** | |
| | **Урбан Блок 12.3** | |
| | ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.3 - опфат 2 | |
| | ▪ **одобрена иницијатива** | |
| | **Урбан Блок 12.4** | |
| | ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 – опфат2 | |
| | ▪ **Ново ажурурање по забелешки од МТВ и следи повторна јавна анкета** | |
| | **Урбан блок 15.5** | |
| | ДУП за УЗ 15 дел од УБ 15.5 - опфат 1 | |
| | ▪ **Доставен предлог - план за постапување на забелешки од МТВ и следи повторна јавна анкета** | |
| | **Урбан блок 15.6** | |
| | ДУП во УЗ 15 УБ 15.6 | |
| | ▪ **Инвеститорот на планот се откажа од инвестирање на планот и следи нова постапка** | |
| | **Урбан блок 15.7** | |
| | ДУП во УЗ 15 УБ 15.7 | |
| | ▪ **одобрена иницијатива** | |
| | **Урбан блок 16.1** | |
| | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.1-опфат 3 | |
| | ▪ **Се разгледува коригиран предлог -план** | |
| | **Урбан блок 16.2** | |
| | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.2 – опфат 2 | |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ **одобрена иницијатива** | |
| | **Урбан блок 16.3** | |
| | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.3 – опфат 2 | |
| | ▪ **Се постапува по неиздавањето од МТВ** | |

**III-3. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ**

| | | |
|---|---|---|
| | УПВНМ за комплекс „Андон Дуков“, КО Охрид 4 | |
| | ▪ **Кај изработувач за постапување по мислење од коми** | |
| | УПВНМ за комплекс „Даљан“ | |
| | ▪ **Се планира отпочнување** | |
| | УПВНМ за дел од комплекс „Горица“ – опфат 1 | |
| | ▪ **одобрена иницијатива** | |
| | УПВНМ за дел од комплекс „Горица“ – опфат 2 | |
| | ▪ **одобрена планска програма** | |
| | УПВНМ за дел од комплекс „Горица“ – опфат 3 | |
| | ▪ **одобрена иницијатива** | |
| | УПВНМ „ Горица –Север“ | |
| | ▪ **доставен предлог- план** | |
| | УПВНМ за плански опфат за локалитет Св.Стефан опфат 1 | |
| | ▪ **Се планира отпочнување** | |
| | УПВНМ за плански опфат за локалитет Св.Стефан опфат 2 | |
| | ▪ **одобрена иницијатива** | |
| | УПВНМ за плански опфат за локалитет Св.Стефан опфат 4 | |
| | ▪ **одобрена иницијатива** | |
| | УПВНМ Долно Коњско | |
| | ▪ **Се планира отпочнување** | |
| | УПВНМ Долно Лакочереј за викенд -населба на место викано Вишо | |
| | ▪ **Се чека пренамена од земјоделско во градежно земји** | |
| | УПВНМ за потег Лагадин – Пештани, плански опфат 1 , на дел од КО Пештани и дел од КО Елшани, општина Охрид | |
| | ▪ **одобрена иницијатива** | |

**III-4. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ**

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| | ЛУПД со намена Г3 – сервиси на КП. бр. 1141/5 КО Лескоец | |
| | ▪ **изработувачот треба да достави ЛУПД за одобрување до комисија** | |

| | | |
|---|---|---|
| | ЛУПД за изградба на базна станица за мобилна телефонија ОХР 3108 КО Долно Лакочереј-вон град | |
| | ▪ **пред јавна анкета** | |
| | ЛУПД за ГП со намена Б4 деловни простори на дел од кп 821 КО Косел | |
| | ▪ **завршена јавна анкета - изработувачот треба да достави ЛУПД на разгледување до комисија** | |
| | ЛУПД за ГП за изградба на објекти за времено сместување (намена А4) КО Коњско (Шипокно) | |
| | ▪ **завршена јавна анкета- изработувачот треба да достави ЛУПД на разгледување до комисија** | |
| | ЛУПД за градежна парцела бр.1 на КП. 2440/3 КО Коњско (изградба на објекти со намена А4 – времено сместување) | |
| | ▪ **изработувачот постапува по забелешки од комисија, се чека согласност од „ПРОАКВА“** | |

| | | |
|---|---|---|
| **III-5. ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
| | Општ акт за село Елшани | |
| | ▪ **општите акти кои се во фаза на мирување до измена на Законот, која е во тек и потоа ќе бидат довршени.** | |
| | Општ акт за село Долно Коњско | |
| | ▪ **општите акти кои се во фаза на мирување до измена на Законот, која е во тек и потоа ќе бидат довршени.** | |
| | Општ акт за село Подмоље | |
| | ▪ **општите акти кои се во фаза на мирување до измена на Законот, која е во тек и потоа ќе бидат довршени.** | |
| | Општ акт за село Куратица | |
| | ▪ **општите акти кои се во фаза на мирување до измена на Законот, која е во тек и потоа ќе бидат довршени.** | |

**Раководител на одделение**
Татјана Стојческа, диа

**Број 08-5289/11-1**
**23.04.2018год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2018 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2018 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата за 2018 година за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година.

**Број 09-5289/12** **ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2018 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2018 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата за 2018 година за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5289/12** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на Законот за животната средина („Сл. весник на РМ“ бр. 53/05 ,81/05,24/07 и 159/08 83/09, 48/10, 124/10, 51/11,123/2012,93/13,42/14,44/15, 129/15,39/16), член 60 од Законот за локалната самоуправа(„Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр 8/07), Секторот за заштита на животната средина и управување со отпад го доставува следниот извештај :

**ИЗВЕШТАЈ од 01.01.2018 год до 31.03.2018 год.**
**П Р О Г Р А М А Р1**
**Заштита на животната средина и природата за 2018 година**

Со Програмата за заштита на животната средина и природата за општина Охрид за 2018 година се планирани активности врз основа на анализата на проблемите од аспект на заштита на

животната средина и природата во општина Охрид, а кои се во функција на истите во сите медиуми, вода, воздух, почва и природата.
Средствата за реализација на оваа Програма се планирани во буџетот на Општина Охрид.

Главна цел на оваа Програма е заштита и унапредување на животната средина и природата преку систем на мерки и активности за долгорочно планирање, заокружени со временска и финансиска рамка .

| Ред.бр. | Назив на проектот | Реализација | Забелешки |
|---|---|---|---|
| 1. | **Услуги за изработка на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина врз плански документи** | За реализација на проектот предвидени се средства во висина од 200.000, 00ден | Проектот ќе се реализира во втората половина од тековната година , бидејќи претходниот договор со избраниот понудувач на тендерот сѐ уште е во важност |
| 2. | Интегрирана имплементација на предлог-мерките предвидени со техничката документација за санација и ревитализација на чинарот на плоштадот „ЧИНАР“ | За реализација на проектот предвидени се средства во висина од 430.000, 00ден | До МЖСПП од страна на Општина Охрид доставена е иницијатива за прогласување на чинарот на плоштадот „Чинар“ за споменик на природата. Проектот ќе отпочне со реализација откако чинарот ќе добие правна заштита,а Општина Охрид право на управување |
| 3. | **Услуга за изработка на локален еколошки акционен план** | За реализација на проектот предвидени се средства во висина од 300.000, 00ден | Отпочната е реализацијата на овој проект. Во фаза на подготовка е тендерската документација |
| 4. | **Цветни балкони- цветен Охрид** | За реализација на проектот се предвидени средства во висина од 100.000,00ден. | Проектот ќе се реализира по повод 5 јуни - Светскиот ден на животната средина.Отпочнати се подготовките за негова реализација . |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. | **Одбележување на „Светскиот ден на животната средина“ - 5 јуни(акција за собирање на стара хартија во соработка со охридските училишта)** | За реализација на проектот не се предвидени финансиски средства | Проектот ќе се реализира по повод 5 јуни - Светскиот ден на животната средина |
| 6. | **Есенска рамноденица - почеток на есента 23 септември(ликовен и литературен конкурс во соработка со охридските училишта)** | За реализација на проектот се предвидени средства во висина од 30.000, 00ден | Проектот ќе се реализира во месец септември |
| 7. | **Одбележување на Европска недела на мобилност–ден без автомобили** | За реализација на проектот се предвидени средства во висина од 20.000, 00ден Во рамките на проектот Општина Охрид ќе биде вклучена во мрежата на европски градови за одбележување на овој ден | Проектот ќе се реализира во месец септември |
| 9. | **Избор на најубаво украсен новогодишен двор или балкон во општина Охрид за 2019 година** | За реализација на проектот предвидени се средства во висина од 20.000, 00ден | Проектот ќе се реализира во наредниот период |

Програмата опфаќа:

- Процена на состојбите со животната средина на локално ниво;
- Дефинирање, процена и поставување на проблемите од областа на животната средина , базирани на ризикот за човечкото здравје , еко-системите и квалитетот на животот;
- Развивање стратегии и активности за намалување на ризиците по животната средина во општината и
- Зголемување на јавната свест и одговорност за заштита на животната средина и зголемување на поддршката од јавноста за инвестициите од областа на животната средина во општината .

Врз основа на степенот на загаденоста на животната средина во дадено подрачје, содржи мерки и активности за заштита на животната средина и здравјето на луѓето, од интерес и во надлежност на Општината , а особено за :

- Снабдување со квалитетна вода за пиење во доволни количини;

- Заштита на водите од загадување, пречистување на отпадните води, прогресивно намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни супстанци во водите и за ублажување на последиците од штетното дејство на водите и од недостигот на вода ;
- Заштита на воздухот од загадување и подобрување на квалитетот на воздухот;
- Управување со отпад;
- Заштита од бучава настаната како резултат на стопанските и другите дејности и активности;
- Зголемување на енергетската ефикасност;
- Заштита на биодиверзитетот;
- Управување и користење на природните ресурси и
- Подигање на јавна свест и развој на образованието за заштита и унапредување на животната средина и намалување на последиците од економскиот развој.

Оваа Програма се однесува на проекти кои директно ќе бидат реализирани преку Секторот за заштита на животната средина и управување со отпад , а се дел од поголем корпус на активности од делот на заштитата на животната средина и природата кои заради специфичноста и начинот на реализирање се имплементирани во програмите на други сектори и одделенија во рамки на локалната самоуправа на Општина Охрид.

Дел од тие програми се: Изградба на системи за водоснабдување, изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води, чистење речни корита и диви депонии, јавна чистота, изработка и одржување на парковско и јавно зеленило и др.

**I. Табела на активности предвидени за заштита на животната средина и природата за 2018год. во опфатениот период**

II – Финансиски дел за активности за периодот од 01.01.до 31.03.2017 година

Согласно финансиската евиденција во опфатениот период од оваа Програма се реализирани вкупно 20.000,00 денари.Наведените средства се потрошени за плаќање на стари обврски за изработка на документација од обласста на заштита на животната средина .

**Број 08-5289/12-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ 2018 - 2020 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2018 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Развојната програма други комунални услуги 2018 - 2020 година за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година.

**Број 09-5289/13** **ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Градоначалник**
**Од вкупно предвидените средства 9,500,000.00 денари, за реализација на Програмата ЈФ Изградба на сообраќајна сигнализација потрошени се вкупно 2,481,863.00 денари.**

**Од вкупно потрошените средства 229,863.00 денари се потрошени за реализирани активности.**

**Останатиот дел се средства согласно книговодствената евиденција - износот од 2,252,360.00 денари се долгови од претходните години.**

**Во периодот од 01.01.2018 до 31.03.2018 година -процентот на реализација на оваа Програма ЈФ Изградба на сообраќајна сигнализација , изнесува 26.12 %**

| Предвидени средства Програма ЈФ Изградба на собраќајна сигнализација патишта и улици 2018 | Вкупно потрошени средства 01.01.2018-31.03.2018 | Процент % |
|---|---|---|
| 9,500,000.00 | 2,481,863.00 | 26.12 |

**Број 08-5289/19-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2017 - 2019 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2017 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Развојната програма за уредување на градежно земјиште за 2017 - 2019 година за периодот од 01.01. до 31.03.2017 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година.

**Број 09-5289/20** **ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2017 - 2019 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2017 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Развојната програма за уредување на градежно земјиште за 2018 - 2020 година за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5289/20**
**23.04.2018 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ ОД 01.01.2018 ДО 31.03.2018**
**ПРОГРАМА ФА**
**Развојна програма за уредување на градежно земјиште за 2018-2020година**

Програмата за уредување на градежно земјиште за 2018-2020 година, изработена од Секторот за комунален развој, сообраќај и улици, ги одредува насоките за решавање на комуналните проблеми со кои се соочуваат нашите граѓани, притоа обезбедувајќи основни услови за развој на општината и зголемување на квалитетот на живеење на нашите граѓани.

Изработена е врз основа на анализите направени за можната реализација на урбанистичките планови во наредниот период, писмените забелешки на граѓаните, разговорите со дел од жителите на општината, редовните контакти на градоначалникот и стручните служби, со одборите на МЗ, програмите на УЗ кои се доставуваат до општинските служби, како и согледувањата на стручните служби.

Согледувајќи го погоре изнесеното, направен е предмер-пресметка за висината на инвестициите, врз основа на цените и вредноста на реализираните проекти во минатите години.

Имајќи ја предвид реалната ситуација и проблемите со кои се соочува Општина Охрид на финансиски план, сепак се надеваме дека оваа Програма ќе биде реализирана во целост, а со тоа ќе одговориме во најголем дел на потребата на граѓаните.

Со оваа Програма посебно се опфатени следните сегменти и тоа:

-изработка на урбанистички планови;

-подготвување и расчистување на земјиштето со посебен акцент на решавање на имотно-правните односи и

-изработка на водоводна, канализациска и мрежа за одводни води;

-асфалтирање, тампонирање, поставување улични рабници и поплочување тротоари.

На дел од улиците ќе се врши делумна санација на истите, на дел тампонирање, на дел целосна санација и тоа по однос на целосната инфраструктура.

За целосна реализација на оваа Програма, потребно е да се реши финансирањето на истата, па за таа цел ги предлагаме следните извори на финансирање.

**ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

А) Надомест за уредување на градежно земјиште

Б) Изворни приходи на Општина Охрид

В) Средства од разни домашни и меѓунардни институции

**ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

Во овој дел се регулира решавањето на имотно-правните односи и исплаќањето надоместок за експропријација на земјиште.

Со овие средства се предвидува да се решат дел од имотно-правните односи и експропријација на земјиште за предмети кои се доставени од правни и физички лица а се однесуваат на спроведување на детални урбанистички планови.

**Надомест за уредување на градежно земјиште**

| Ред. бр. | Опис | Извршено 01.01.2018 31.03.2018 | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 1 | Изработени Заклучоци за пресметување на надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект-легализација | 230 | 4,849,684.00 |
| 2 | Изработени предмети и договри на надоместок за уредување на градежно земјиште | 24 | 55,390,354.00 |
| 3 | Поставување инсталации во трупот на патот и патниот појас (прекопи и прекумерно користење на патишта) | 3 | 3,000.00 |
| | | 8 | 27,057.00 |
| | **Вкупно** | | **60,270,095.00** |

**НАДОМЕСТОК ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА - А-**

**НАДОМЕСТОК ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА - А-**

| Ред. бр. | Опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2018 31.03.2018 | Процент % |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Средства за експропријација на земјиште за отворање на пристапни патишта и улици согласно детални урбанистички планови | 7,000,000.00 | 4,389,908.00 | 62.71 |
| 2 | Плаќање стари обврски по судски решенија | 15,000,000.00 | 4,851,953.00 | 32.35 |
| | **ВКУПНО за А** | **22,000,000.00** | **9,241,861.00** | |

**Б. АСФАЛТИРАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И ПРИСТАПНИ ПАТИШТА**

| Ред. бр. | Опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2018 31.03.2018 | Процент % |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Изработка на проектна и техничка документација | 4,000,000.00 | | 0.00 |
| 2 | Стручна ревизија на проекти | 1,200,000.00 | | 0.00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | Изработка на елаборати за животна средина за проекти | 1,000,000.00 | | 0.00 |
| 4 | Вршење стручен надзор на изградба, реконструкција и одржување на објекти | 1,300,000.00 | | 0.00 |
| 5 | Асфалтирање и реконструкција на улична мрежа во УЗ Центар | 1,500,000.00 | | 0.00 |
| 5 | Асфалтирање и реконструкција на улична мрежа во УЗ Кошишта | 1,700,000.00 | | 0.00 |
| 6 | Асфалтирање и реконструкција на улична мрежа во УЗ Лескајца | 1,500,000.00 | | 0.00 |
| 7 | Асфалтирање и реконструкција на улична мрежа во УЗ 7-ми Ноември | 1,500,000.00 | | 0.00 |
| 8 | Асфалтирање и реконструкција на улична мрежа во УЗ Горна влашка маала | 1,700,000.00 | | 0.00 |
| 9 | Асфалтирање и реконструкција на улична мрежа во УЗ Билјанини извори | 1,300,000.00 | | 0.00 |
| 10 | Асфалтирање и реконструкција на улична мрежа во УЗ Долна влашка маала | 1,000,000.00 | | 0.00 |
| 11 | Асфалтирање и реконструкција на улична мрежа во УЗ Гоце Делчев | 1,500,000.00 | | 0.00 |
| 12 | Асфалтирање и реконструкција на улична мрежа во УЗ Видобишта | 1,200,000.00 | | 0.00 |
| 13 | Асфалтирање и реконструкција на улична мрежа во УЗ Железничка | 1,100,000.00 | | 0.00 |
| 14 | Асфалтирање и реконструкција на улична мрежа во УЗ Радојца Новичиќ | 1,000,000.00 | | 0.00 |
| 15 | Асфалтирање и реконструкција на улична мрежа во УЗ 15-ти Корпус | 1,600,000.00 | | 0.00 |
| 16 | Асфалтирање и реконструкција на улична мрежа во УЗ Илинден | 1,400,000.00 | | 0.00 |
| 17 | Асфалтирање и реконструкција на улична мрежа во УЗ Воска | 1,200,000.00 | | 0.00 |
| 18 | Асфалтирање и реконструкција на улична мрежа во УЗ Далјан | 800,000.00 | | 0.00 |
| 19 | Асфалтирање и реконструкција на улична мрежа во УЗ Даме Груев | 1,300,000.00 | | 0.00 |
| 20 | Реконструкција на пристапен пат за ОУ „Св.Климент Охридски“ | 1,000,000.00 | | 0.00 |
| 21 | Реконструкција на крак ул. „Кирил и Методи“ Горна порта-Дрвара | 500,000.00 | | 0.00 |
| 22 | Асфалтирање пристапни патишта во населба„Охридати“ | 500,000.00 | | 0.00 |
| 23 | Асфалтирање пристапни патишта н.Бејбунар | 500,000.00 | | 0.00 |
| 24 | Реконструкција на постојни кружни крстосници | 1,200,000.00 | | 0.00 |
| 25 | Изградба и уредување на паркинг - места | 1,000,000.00 | | 0.00 |
| 26 | Реконструкција на кружна крстосница„ Ј.Сандански“, „Питу Гули“ | 800,000.00 | | 0.00 |
| 27 | Уредување и одржување на други крстосници | 1,700,000.00 | | 0.00 |
| 28 | Користење градежни машини и друга опрема | 6,000,000.00 | | 0.00 |
| 29 | Санација ,крпење ударни дупки,и прекопи | 6,000,000.00 | | 0.00 |
| 30 | Реконструкција на улица „Абас Емин“ 1-ва фаза | 5,500,000.00 | | 0.00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 31 | Реконструкција на улица „Распаќе“ | 5,300,000.00 | | 0.00 |
| 32 | Реконструкција на улица „7. Ноември“ | 17,400,000.00 | | 0.00 |
| 33 | Изградба на нова кружна крстосница на Бул.„Туристичка“ со „Даме Груев“ | 5,500,000.00 | | 0.00 |
| 34 | Реконструкција на улица „1-ва Македонска ударна бригада“ од „Питу Гули“ до Стобекс делница 1 | 10,000,000.00 | | 0.00 |
| 35 | Асфалтирање на крак на улица „Прилепска“ | 600,000.00 | | 0.00 |
| | **ВКУПНО за Б** | **92,300,000.00** | **0.00** | 0.00 |

## В. ПОПЛОЧУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ ТРОТОАРИ И УЛИЦИ

| **Ред. бр.** | **опис** | **Предвидени средства** | **Извршено 01.01.2018 31.03.2018** | **Процент %** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Поплочување и одржување улици во УЗ Стар Град | 4,000,000.00 | | 0.00 |
| 2 | Уредување тротоари во УЗ Центар | 1,400,000.00 | | 0.00 |
| 3 | Поплочување пешачка патека во УЗ Коишишта | 400,000.00 | | 0.00 |
| 4 | Поплочување пешачка патека во УЗ Воска | 1,600,000.00 | | 0.00 |
| 5 | Поплочување на тротоари во нас. Даљан | 600,000.00 | | 0.00 |
| 6 | Поплочување на крак од ул.Сирма Војвода | 500,000.00 | | 0.00 |
| 7 | Поплочување на тротоари во нас. Христо Узунов | 500,000.00 | | 0.00 |
| 8 | Поплочување на ул.„7. Ноември“ | 2,000,000.00 | | 0.00 |
| 9 | Уредување тротоари во УЗ Влашка Мала | 1,000,000.00 | | 0.00 |
| 10 | Уредување тротоари во УЗ Гоце Делчев | 600,000.00 | | 0.00 |
| 11 | Уредување тротоари УЗ 15-ти Корпус | 6,400,000.00 | | 0.00 |
| 12 | Уредување тротоари на Бул. „Туристичка“ | 1,000,000.00 | 232,507.00 | 23.25 |
| 13 | Изградба и одржување на тротоар на ул. „Абас Емин“ | 2,700,000.00 | | 0.00 |
| 14 | Доизградба на тротоари по должина на улицата „Даме Груев“ | 700,000.00 | | 0.00 |
| 15 | Доизградба на тротоари по должина на улицата „8 Септември“ | 500,000.00 | | 0.00 |
| 16 | Тампонирање на потег -влез во згради кај Пожарна | 100,000.00 | | 0.00 |
| 17 | Тампонирање улици во нас.Болнички Комплекс | 200,000.00 | | 0.00 |
| 18 | Тампонирање улици и пристапни патишта | 2,500,000.00 | | 0.00 |
| 19 | Поплочување и одржување на други улици | 2,000,000.00 | 648,359.00 | 32.42 |
| 20 | Реконструкција на тротоари на улица „Јане Сандански“ | 3,000,000.00 | | 0.00 |
| | **ВКУПНО за В** | **31,700,000.00** | **880,866.00** | 2.78 |

## Г. ПОСТАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА И ДРУГА ОПРЕМА

| **Ред. бр.** | **Опис** | **Предвидени средства** | **Извршено 01.01.2018 31.03.2018** | **Процент %** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Поправка и одржување на урбана опрема | 1,500,000.00 | | 0.00 |
| 2 | Изградба и опремување на автобуски постојки | 3,000,000.00 | | 0.00 |
| 3 | Набавка и монтажа и одржување на клупи | 500,000.00 | | 0.00 |
| 4 | Набавка и монтажа на кошнички за отпадоци | 500,000.00 | | 0.00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5 | Набавка и поставување на жардињери за цвеќе | 300,000.00 | | 0.00 |
| 6 | Набавка и поставување на пепелници | 200,000.00 | | 0.00 |
| 7 | Поставување рампи и столпчиња и држачи за стрмни улици | 4,500,000.00 | | 0.00 |
| 8 | Рушење на објекти | 2,000,000.00 | | 0.00 |
| | **ВКУПНО за Г** | **12,500,000.00** | **0.00** | 0.00 |

**ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ Д**

| **Ред. бр.** | **Опис** | **Предвидени средства** | **Извршено 01.01.2018 31.03.2018** | **Процент %** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Партерно уредување на коритото на река Грашница кај сливот во Охридско Езеро | 1,000,000.00 | | 0.00 |
| 4 | Изградба на мал плоштад „Горна порта“ | 800,000.00 | | 0.00 |
| 5 | Реконструкција на дрворед на ул.„Јане Сандански’’ | 500,000.00 | | 0.00 |
| 6 | Реконструкција на дрворед на ул.„Македонски Просветители’’ | 500,000.00 | | 0.00 |
| 8 | Уредување и одржување на парковски површини | 1,000,000.00 | | 0.00 |
| 9 | Изградба на пешачка патека Охрид-Парк-Св,Стефан, Охрид- хотел „Парк“ завршен дел | 2,500,000.00 | | 0.00 |
| 10 | Партерно уредување на плоштад „Крушевска Република“ | 9,000,000.00 | | 0.00 |
| 11 | Партерно уредување на ул. „Македонски Просветители“ | 500,000.00 | | 0.00 |
| 12 | Санација и изградба на ѕидови во општина Охрид | 5,000,000.00 | | 0.00 |
| | **ВКУПНО за Д** | **20,800,000.00** | **0.00** | 0.00 |

**Ѓ. ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА Ѓ**

| **Ред. бр.** | **Опис** | **Предвидени средства** | **Извршено 01.01.2018 31.03.2018** | **Процент %** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | **Изградба и реконструкција на детско игралиште во општина Охрид** | 3,000,000.00 | | 0.00 |
| | | | | |
| **Е.** | **Изградба и реконструкција на јавни тоалети** | 1,200,000.00 | | 0.00 |
| | | | | |
| **Ж** | **Изградба и реконструкција на велосипедски ленти и патеки** | 5,000,000.00 | | 0.00 |
| | | | | |
| | **ВКУПНО за А, Б , В , Г, Д , Ѓ, Е и Ж** | **188,500,000.00** | **10,122,727.00** | 14.44 |
| Ред. бр. | **Опис** | **Предвидени средства** | | |

**Од вкупно предвидените средства 70,100,000.00 денари, за реализација на Програмата ФА Уредување на градежно земјиште потрошени се вкупно 29,659,734.00 денари.**

**Од вкупно потрошените средства 10,122,727.00 денари се потрошени за реализирани активности.**

**Останатиот дел се средства согласно книговодствената евиденција - износот од 19,537,727.00 денари се долгови од претходните години.**

**Во периодот од 01.01.2018 до 31.03.2018 година -процентот на реализација на оваа Програма ФА Уредување на градежно земјиште , изнесува 42,31%**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Извор на финансирање на Програмата е: буџет на Општина Охрид за периодот 2018-2020 година** | **188,500,000.00** | | 0.00 |

| Ред. бр. | **Опис** | **Предвидени средства** | **Извршено 01.01.2018 31.03.2018** | **Процент %** |
|---|---|---|---|---|
| | **Од буџетот на Општина Охрид за тековната 2018 година за Развојна програма за уредување на градежно земјиште ќе се издвојат средства во висина** | **70,100,000.00** | | 0.00 |
| | **Од буџетот на Општина Охрид за тековната 2019 година за Развојна програма за уредување на градежно земјиште ќе се издвојат средства во висина** | **56,600,000.00** | | 0.00 |
| | **Од буџетот на Општина Охрид за тековната 2020 година за Развојна програма за уредување на градежно земјиште ќе се издвојат средства во висина** | **5,600,000.00** | | 0.00 |

| **Предвидени средства Програма ФА Уредување на градежно земјиште 2018** | **Вкупно потрошени средства 01.01.2018-31.03.2018** | **Процент %** |
|---|---|---|
| **70,100,000.00** | **29,659,734.00** | **42.31** |

**Број 08-5289/20-1**
**23.04.2018 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ПОТРЕБИ НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА-ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2018 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за финансиските потреби на Територијалната противпожарна единица-Охрид за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година.

**Број 09-5289/21** **ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ПОТРЕБИ НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА -ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2018 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица – Охрид за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5289/21** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 43 став 1 од Законот за пожарникарство на РМ го изготвувам следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

за реализација на Програмата за финансиските потреби на Територијалната противпожарна единица - Охрид (ТППЕ) 2018 година, за периодот од 01.01.2018 до 31.03.2018 година.

Заради гаснење на пожари, спасување на животот на граѓаните и имотот загрозени од пожари и експлозии, укажување техничка помош при незгоди и опасни ситуации, како и извршување на други работи при несреќи и непогоди воедно и извршување на задолженија, наредби и услуги, ТППЕ Охрид во наведениот период изврши и презеде за решавање 101 интервенција и тоа:

ТППЕ на подрачјето на општина Охрид изврши вкупно 98 интервеници за гаснење на пожари и тоа:

- пожари на објекти - 81 интервенции;
- пожари на отворен простор - 16 интервенции и
- пожари на сообраќајни средства - 1 интервенција.

ТППЕ на подрачјето на општина Дебарца изврши вкупно 3 интервеници за гаснење на пожари на објекти.

Во пожарите, според интерна процена, причинета е материјална штета само на три пожари на објекти во вкупна вредност од 650.000,оо денари. Во настанатите пожари имавме 2 погинати постари лица во пожар на објекти за живеење. 84 пожари се на објекти во приватна сопственост, а 17 пожари се во државна сопственост, од кои само 1 е осигуран по основа на настанат пожар.

Споредбено со 2017 година, во првото тримесечје 2018 година имавме 31 пожар помалку.

Од доменот на своето работење, по потреба на граѓани при незгоди од невнимание Територијалната противпожарна единица – Охрид имаше вкупно 12 технички интервенции за спасување на лица и материјални вредности на граѓаните и 7 интервенции за вршење услуги по барање на надлежни институции или наредба од претпоставени лица. Сето тоа со ангажман во времетраење од вкупно 30 часа.

Своите активности Територијалната противпожарна единица – Охрид во слободното време ги спроведува согласно Правилникот за стручно оспособување и усовршување на работниците во Територијалните противпожарни единици, со изведување на настава по наставни предмети, соодветно изготвен План за 2018 година и изготвени месечни Програми согласно истиот.

Во првото тримесечје од 2018 година, согласно Планот и од него изготвените Програми за стручно оспособување и усовршување на работниците, изведена е настава по наставните предмети:

| | |
|---|---|
| Противпожарна превентива | 12 часа; |
| Противпожарни справи и опрема | 16 часа; |
| Противпожарна тактика | 17 часа; |
| Учење на локации, улици и објекти и хидрантска мрежа | 15 часа. |

За спроведување на горенаведените активности, согласно финансиската Програма за потребите на ТППЕ Охрид за 2018 година, во првото тримесечје 2018 година потрошени се средства за гориво и масла и набавка на резервни делови за одржување на техничката опрема и средства за гаснење и тоа:

I. Гориво и масла за возилата:

| | | |
|---|---|---|
| - бензин | 199,43 литри | вредност 13.050,оо денари |
| - нафта | 643,58 литри | вредност 38.034,оо денари |
| - моторно масло 20/50 | 4 литри | вредност 944,оо денари |
| - антирфиз | 2 литри | вредност 472,оо денари |
| | **ВКУПНО:** | **52.500,оо денари** |

II. Резервни делови за возилата:

| | | |
|---|---|---|
| - акумулатори 135 Ah | 2 парчиња | вредност 18.880,оо денари |
| - надворешна гума за ФАП (11.00R20) | 1 парче | вредност 16.777,оо денари |
| - внатрешна гума за ФАП (11.00R20) | 1 парче | вредност 906,90 денари |
| - појас за гума за ФАП | 1 парче | вредност 906,90 денари |

**ВКУПНО: 37.470,80 денари**

III. Сервисирање и полнење на Противпожарни апарати С и ЦО2
- 13 парчиња во вредност од 6.800,оо денари

IV. Гумено армирано црево 30 метри во вредност од 7.050,оо денари

Сите активности во наведниот период ТППЕ Охрид ги изведуваше со 43 работници.

ТППЕ Охрид
Командир
Спасе Прентоски

**Број 08-5289/21-1**
**23.04.2018год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2018 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за остварување на буџетот на Општина Охрид за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година.

**Број 09-5289/22**
**23.04.2018 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2018 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за остварување на буџетот на Општина Охрид за периодот од 01.01. до 31.03.2018 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5289/22**
**23.04.2018 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

# ИЗВЕШТАЈ
## за остварување на буџетот за периодот 01.01–31.03.2018 год.

**Буџет на Општина Охрид**

Буџетот на општина Охрид, како секоја година претходно така и оваа година, во точно утврдена процедура и законска рамка беше усвоен и донесен од Советот на општината, како единствен и развоен документ. Процесот на буџетирање започнува со донесување фискална стратегија, подготвување на буџетски и развојни програми, па продолжува со донесување на буџет и како процес трае се до крајот на буџетската година кога годишниот план и програми треба целосно или во голема мера да бидат исполнети. Од степенот и квалитетот на извршување односно неизвршување на овие активности ќе зависи и квалитетот на живеењето во соодветната локална самоуправа и задоволството на граѓаните. Квалитетот на извршувањето на обврските и справувањето со предизвиците кои стојат пред локалната самоуправа за решавањето на горливите прашања и потребите на граѓаните, во секој случај бара добро осмислен и ефикасен процес на планирање и реализација на буџетот на локалната самоуправа како и реализација на низа активности во надлежност на општината.

Буџетскиот процес како збир на низа правила и активности овозможува локалната самоуправа навремено и квалитетно да изготви, усвои и пристапи кон извршување на еден квалитетен буџет. Со овој процес основно е да се дефинираат и изготват низа акти и одлуки кои ќе го утврдат буџетскиот план врз база на кој во подоцнежниот период ќе се врши распределување и дистрибуција на буџетските средства. Буџетскиот процес е еден од најважните не само за администрацијата и општината како институција туку и за сите граѓани на таа општина поради фактот што во тој процес се донесуваат одлуки за начинот на прибирање и трошење на средствата од граѓаните и од правилното спроведување односно звршување на овој процес во голема мерка ќе зависи и квалитетот на задоволување на потребите и барањата на граѓаните на една општина. Од реалното утврдување на приходите и расходите на општината директно ќе зависи и остварувањето на целите на ЕЛС, задоволување на потребите на граѓаните, успешно функционирање на службите во локалната самоуправа и правилно планирање на програмите и активностите.

Со измените и ингеренциите кои ги доби локалната самоуправа со процесот на децентрализација дополнително се потенцира потребата и важноста на овие процеси кои би се движеле во насока на квалитетен буџетски процес, квалитетно решение на инфраструктурните проблеми на граѓаните, подобрено менаџирање со локалната самоуправа и обврските во оние области во кои има надлежност локалната самоуправа.

Поради сето претходно изнесено, квалитетно изготвен буџет претставува основен предуслов за навремено извршување на зацртаните програми и активности. Квалитетот на услугите кои ги овозможува локалната самоуправа, во однос на решавање на потребите и проблемите на граѓаните, безусловно бара ефикасно буџетирање, односно планирање на сите расположливи ресурси од аспект на обезбедување на финансиски средства за реализација на низа активности во надлежност на општината. Услов за остварување на сето погоре кажано е изготвување на транспарентен буџет кој ќе ги опфати барањата на граѓаните, а притоа имајќи ја во предвид и развојната компонента на општината која треба да се осигура со донесувањето на буџетот како и изготвување на буџет кој на оптимален начин ќе ги опфати сите приходи кои се во надлежност на локалната самоуправа, а се утврдени со ЗФЕЛС. Прибирањето на приходите е неопходен предуслов за реализација на сите наредни активности кои се во надлежност на

општината. Буџетот на општината се состои од годишна проценка на приходите и расходите по намени и активности. Реалното согледување и утврдување на севкупните мерливи параметри се особено значајни за изготвување на буџет во кој ќе се изврши правилна проценка на приходите и расходите а од тоа ќе произлезе и реално утврдување на вкупните годишни приходи и расходи и ќе се запази законитоста во спроведување на процесот на буџетирање утврден согласно Законот за финансирање на локалната самоуправа и Законот за буџетите. Во овој дел во голема мерка треба да се води сметка како за реалните потреби на граѓаните од една страна, така и за реалните можности и капацитети на општината од друга страна. Процесот на буџетирање покрај што треба да ги содржи сите претходно споменати елементи и активности неминовно бара и вклучување на граѓаните, здруженијата и целокупната администрација во овој процес, се со цел изготвување на квалитетен, транспарентен буџет, како единствен годишен развоен документ на општината. Процесот на буџетирање на локалната самоуправа како сложен процес е во тесна врска со многу други меѓусебно поврзани и зависни активности. Овој процес како таков започнува и се одвива во подолг временски период, иако процесот на прибирање на приходите и извршувањето на расходите се однесува само за една буџетска година. Програмското планирање како што сме спomенале и во претходните извештаи и натаму претставува основа во процесот на буџетирање во локалната самоуправа и опфаќа буџетирање врз база на одвојување на различни активности и проекти во посебни програми и потпрограми. Капиталното инвестирање кое се планира во буџетот е опфатено и се планира во програми кои уште се нарекуваат и развојни програми кои се донесуваат за подолг временски период, односно неколку буџетски години, што од своја страна бара координираност на сите структури во локалната самоуправа. Во поглед на програмското буџетирање, основно е акцентот да се стави на програмите, да се изврши правилна распределба на расходите по програми и активности, да се има целосна слика и контрола на процесот на извршување и нивото на остварување на активноситите и проектите како и континуирана контрола на степенот на остварување на поставените цели. Активностите кои се превземаат на овој план, треба да овозможат навремена реализација на проектите по години, да дадат детална финансиска конструкција за изведување на тие проекти, како и да ја отсликаат реалноста и потребата односно оправданоста од таков проект.

Незамисливо е нормално функционирање на општината и извршување на сите планирани активности без правилно, навремено и точно донесување како и извршување на буџетот. Процесот на буџетирање е перманентен циклус кој започнува со моментот на изработување на годишниот план и програма и трае се до негова конечна реализација до крајот на буџетската година.

Согласно постапките во буџетскиот процес, како и активностите по буџетскиот календар, усвоен од Советот на општината, администрацијата во текот на подготвувањето на буџетот постојано врши согледување, проценка и проектирање на сопствените финансиски ресурси утврдени согласно законската регулатива. Утврдените приходи, заедно со трансферираните приходи од државно ниво, ДДВ, блок дотациите и наменските дотации ја дефинираат вкупната маса на средства на општината кои стојат на располагање за решавање на одредени проблеми, потреби, активности и надлежности во буџетската година. Во проектирањето на трошоците, односно изготвувањето на расходниот дел, посебно се води сметка за укажувањата и потребите на граѓаните во процесот на решавање на инфраструктурните проблеми, се земаат во предвид предлозите и барањата на месните односно урбаните заедници, плановите на буџетските корисници и тоа сето преку извршени анализи на стручните служби на општината, имајќи ги во предвид долгорочните и годишните програми. Утврдените активности, искажани како трошоци, опфатени се во соодветни програми во буџетот, што овозможува поголема транспарентност и контрола на начинот на извршување на буџетот.

Законот за финансирање на ЕЛС и Законот за буџетите ги дефинираат приходите кои ги остваруваат општините и ги опфаќаат следните извори:

- сопствени извори на приходи, кои се остваруваат врз основа на наплатата на локални даноци, такси, надоместоци приходи по основ сопственост;
- приходи по основ на трансфери од буџетот и буџетите на фондовите, како средства по основ на персонален данок, ДДВ и други трансфери;
- приходи на буџетските корисници кои се користат за покривање на нивните редовни активности, познати како приходи од самофинансирачки активности;
- приходи по основ донации, кои се остваруваат врз база изработени и одобрени проекти од разни меѓународни институции и фондови;
- приходи по основ блок дотации за буџетските корисници од областа на образованието и детската заштита;
- приходи по основ на наменски дотации за ППЕ.

Во процесот на буџетирање, содржината и програмите од кои се состои буџетот се усогласени со унифициран начин на припрема и изготвување на буџетот, утврден од Министерството за финансии. Општинскиот буџет се состои од општ и посебен дел. Во општиот дел, содржани се следните елементи:

- консолидиран биланс на приходи и расходи;
- функционална класификација на расходите;
- биланс на тековно оперативни расходи;
- биланс на капитални приходи и расходи;
- приходи и расходи за развојните програми.

Песебниот дел на буџетот ги прикажува расходите според правилникот за класификација на расходите донесен од страна на Министерството за финансии, групирани според корисници и програми.

Расходите на буџетот, според корисници и намени, се групирани во соодветни програми. Секоја од овие програми е структуирана согласно економската класификација на приходите и расходите утврдена од Министерството за финансии.

Согласно законските прописи, пишаните процедури и напатствија од МФ, општина Охрид на седница одржана на ден 29.12.2017 година со Одлука бр.08-16206/28 го утврди буџетот на општината за 2018 година на износ од 1.007.597.123,оо денари.

**Приходи**

Прибирањето на средствата- приходите се неопходен услов за реализација на активностите утврдени во буџетот а во согласност со законската регулатива. Правилната проценка на приходите и расходите е една од основите и од круцијално значење за подготвување на квалитетен и издржан буџет, кој ќе биде рефлексија на моменталниот фискален капацитет на општината и нејзината одржливост. Согласно постојната класификација на приходите и Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, а во зависност од изворот на настанување на приходите, најголем дел од планираниот буџет за 2018 година, во висина од 522.057.000,оо денари се приходи кои според изворите на настанување, општината ги остварува од редовно работење и активности утврдени во ЗФЕЛС. Доколку се земе предвид структурата на планираните приходи, износот од 522.057.000,оо денари е распределен по група на приходи:

- Даночни приходи ------------------------------------- 381.587.702,оо
- Неданочни приходи ----------------------------------  14.820.000,оо
- Капитални приходи ----------------------------------  50.950.000,оо
- Трансфери и донации --------------------------------- 74.699.298,оо

Согласно постојната законска регулатива, активностите од областа на образованието, детската заштита и противпожарната заштита се финансираат со трансфери од државниот буџет а во облик на блок дотации, односно наменски дотации за активности од областа на противпожарната заштита. Предвидени средства за утврдените активности од овој тип се

400.739.123,оо денари од вкупно утврдениот буџет. Согласно законската регулатива во вкупниот буџет на општината се вклучуваат и средствата кои ги остваруваат буџетските корисници на општината (основните, средните училишта и детските градинки) по основ на тн самофинансирачки активности, приходи кои се утврдени на вкупен износ од 22.500.000,оо денари.

Приходите по основ донации за проекти за кои општина Охрид аплицирала пред соодветни меѓународни и домашни институции, во буџетската 2018 година се планирани на износ од 34.683.000,оо денари. Реализацијата на овие проекти согласно постојната евиденција и активностите кои се изведуваат во голем дел е во тек, дел од планираните приходи по овој основ веќе се остварени, односно веќе се пристигнати средства, при што останува да се реализираат активностите и да се реализира финансискиот аспект, за што подетални информации може да се добијат од соодветните одделенија односно сектори.

Како во изминатата буџетска година така и во тековниот буџет, предвидени се средства по основ задолжување на износ од 27.618.000,оо денари и се однесуваат како и претходно за средства од Светска банка преку Министерството за финансии.

Според единствената сметководствена евиденција, општина Охрид заклучно со првиот квартал во буџетската 2018 година остварила вкупен приход од 266.912.986,оо денари или процентуално изразено 26,49 % од севкупно проектираните приходи. Ваквиот процент на остварување е збир од сите извори на приходи вклучително и наведеното задолжување и пренесениот вишок на приходи вкупно од сите сметки кој дел како непотрошени средства во претходната буџетска година се пренесува и планира во буџетот за тековната година. Износот на непотрошени средства кои се пренесуваат од една во друга буџетска година за основниот буџет изнесува 19.963.682,оо. Доколку при разгледување на остварувањето на приходите во основниот буџет се одбие износот на пренесениот вишок од износот на остварување на буџетот за опфатениот период во овој извештај остварувањето процентуално изразено би изнесувало 24,65 %, што исто така покажува солидно остварување на приходите проектирани во буџетот на општината.

Генерално гледано остварувањето на вкупниот буџет за наведениот период е одлично како на вкупно ниво така и во рамките на поединечните буџети во смисла основен буџет, блок дотации, самофинансирачки активности, донации. Она што овде треба да се потенцира е фактот дека буџетските приходи генерално добро се остваруваат во рамките на планираните износи и очекувањата за овој период со тоа што даночните и неданочните приходи во степенот на реализација отстапуваат за неколку проценти под идеалното остварување, но за очекување е дека во периодот кој следи остварувањето на овие приходи ќе бележи нагорна линија. Имајќи ја во предвид природата на овие приходи и искуството од претходните години за очекување е дека вкупното остварување на овие приходи на крајот на буџетската година ќе биде во рамките на очекувањата и планираните износи.

Од приложениот квартален извештај табеларен преглед и табелата бр.1 дадена подолу може да се забележи остварувањето на пооделните групи на приходи. Во пооделните групи на приходи проектирани со буџетот на општина Охрид доколку се задржи сегашниот тренд на остварување согласно законските рамки кои го дефинираат степенот на отстапување во остварувањето, оваа буџетска година би завршила со висок процент на остварување на проектираните приходи. Во делот од буџетот кој се однесува на кредитното задолжување, согласно информациите со кои располага стручната служба се преземаат активности за реализација на планираните цели и интенција е со крајот на буџетската година да се оствари висока реализација и на овој вид на планирани приходи во буџетот и затворање на проектот за кој се планирани овие средства.

Согласно претходно изнесеното, а имајќи го во предвид споменатото отстапување, остварувањето на приходите, односно буџетот за првиот квартал недвосмилено укажува на добар тренд во прибирање на приходите, тренд кој раководството и стручните служби треба да

настојуваат да се задржи а каде што има простор и да се подобри со цел отворање на што поголем простор за реализација на планираните активности и програми во високо приоритетни области за граѓаните.

Структурата на планираните-остварените приходи по основ на извори дадена е во следната табела:

***Табела 1***

| **Вид на приход** | **Проектирано за 2018** | **Остварено во прв квартал** | **%** |
|---|---|---|---|
| **Блок-наменски дотации** | **400.739.123** | **108.955.314** | **27,19** |
| **Самофинансирачки приходи** | **22.500.000** | **4.635.509** | **20,60** |
| **Даночни приходи** | **381.587.702** | **81.339.975** | **21,32** |
| **Неданочни приходи** | **14.820.000** | **3.002.277** | **20,26** |
| **Капитални приходи** | **50.950.000** | **29.695.813** | **58,28** |
| **Приходи од донации** | **34.683.000** | **4.645.586** | **13,39** |
| **Трансфери и донации** | **74.699.298** | **34.638.512** | **46,37** |
| **Кредити** | **27.618.000** | **/** | **/** |
| ***Вкупно*** | ***1.007.597.123*** | ***266.912.986*** | ***26,46*** |

Податоците во табелата 1 укажуваат на одредени отстапувања во остварувањето на поодделните групи прходи објаснети претходно, при што посебен акцент треба да се стави на оние приходи кои што во поголема мера отстапуваат од планираното со буџетот за 2018 година. Приходите по основ на блок односно наменски дотации, согласно утврдените проекции и тековното ниво на остварување, а имајќи ја во вид и природата на овие приходи, за очекување е до крајот на годината во целост да бидат реализирани.

Средствата по основ самофинансирачки активности се проектираат и остваруваат согласно согледувањата од страна на раководителите на буџетските корисници. Од податоците за извршувањето во прегледот согласно остварувањето со овој квартал, може да кажеме дека остварувањето на овој тип на приходи се движи во рамките на очекувањата со добар процент на остварување но исто така и покажува дека сепак постои простор за подобрување во прибирањето на овие приходи во периодот кој следи. Приходите кои се опфатени во делот од основниот буџет, нивното остварување и движење во однос на планираниот буџет се погоре образложени. Графички приказ на податоците дадени во претходната табела следи, пооделно за проектираниот и реализираниот дел.

***Графикон бр.1***




Графиконот бр.1 го прикажува процентуалното учество на пооделните групи на приходи во вкупниот буџет за 2018 год. со цел добивање поцелосна слика за структурата на планираните приходи односно буџетот, каде очигледно е учеството на даночните приходи и приходите по основ блок-наменски дотации, како доминантни ставки во целокупниот буџет. Она што сакаме да го потенцираме во овој дел е тоа дека групата даночни приходи го опфаќа и делот даноци на специфични услуги во која група на приходи пак како најзначаен односно најголем износ влегува приходот по основ надомест за уредување на градежно земјиште и делот од комуналната такса за користење и одржување на јавното осветление.

***Графикон бр.2***




Податоците кои се презентирани во графиконот бр.2 даваат целосен процентуален приказ на остварувањето на буџетските приходи пооделно по групи и нивното учество во вкупниот буџет, заклучно со првиот квартал за 2018 година.

Превземање на мерки за подобрување или задржување на трендот на остварување, односно прибирање на приходите по сите основи и извори до крајот на годината би довело до остварување на буџетот во планираните рамки а во оној сегмент каде евентуално би се јавила неопходност би се пристапило кон ревидирање на предвидените приходи согласно позитивните законски прописи.

Согласно востановената практика за прикажување на споредбени показатели во табелата подолу дадени се остварувањата на приходите за истиот период во буџетската 2017 година.

***Табела бр.2***

| Вид на приход | Проектирано за 2017 | Остварено во прв квартал | % |
|---|---|---|---|
| **Блок-наменски дотации** | **384.688.318** | **107.940.355** | **28,05** |
| **Самофинансирачки приходи** | **21.066.000** | **4.393.028** | **20,85** |
| **Даночни приходи** | **447.167.154** | **92.658.245** | **20,72** |
| **Неданочни приходи** | **14.850.000** | **2.416.631** | **16,27** |
| **Капитални приходи** | **17.450.000** | **11.482.862** | **65,80** |
| **Приходи од донации** | **13.760.000** | **5.309.850** | **38,59** |
| **Трансфери и донации** | **74.505.079** | **20.248.791** | **21,17** |
| **Кредити** | **139.617.686** | / | / |
| ***Вкупно*** | ***1.113.104.237*** | ***244.449.762*** | ***21,96*** |

Остварувањето 2018 споредбено со остварувањето во 2017 за истиот период е прикажано во следниот графикон, како на основниот буџет така и на вкупниот буџет.

***Графикон бр.3***




Споредбено 2018 год. во однос на 2017 год. за првиот квартал, доколку се има предвид остварувањето на буџетските приходи (изворни приходи, основен буџет) во номинален износ, изнесуваат:

- остварување во 2018 год. 148.676.577,оо денари
- остварување во 2017 год. 126.806.529,оо денари

Согласно наведеното, остварувањето во 2018 год. е за 17,24 % поголемо од остварувањето за наведениот период во 2017 година.

Споредбено 2018 год. во однос на 2017 год. за првиот квартал, доколку се има предвид остварувањето на вкупните буџетски приходи во номинален износ, изнесуваат:

- остварување во 2018 год. 266.912.986,оо денари
- остварување во 2017 год. 244.449.762,оо денари

Согласно наведеното, остварувањето на вкупните приходи во првиот квартал во 2018 год. е за 9,19 % поголемо од остварувањето за наведениот период во 2017 година.

Процентуалниот удел во вкупно проектираните и реализирани приходи за 2018 и 2017 година е прикажан во графикон бр.4.

***Графикон бр.4***




Динамиката како и износите на остварување на буџетот кумулативно на синтетички конта во пропишана форма се прикажуваат и доставуваат до секторот за буџети во министерството за финансии на унифициран образец К1 кој поблиску ги прикажува планираните износи на приходи и нивното остварување, заклучно со последниот ден од тековниот квартал, во случајов со 31.03.2018 година. Остварувањето на приходите во општината по извори подетално се дадени во кварталниот извештај – образец К1 каде може да се согледаат планираните износи како и нивното остварување заклучно со овој квартал.

**Расходи**

Јавните расходи според економската класификација, може да ги поделиме на тековни расходи, капитални расходи и други расходи. Оваа класификација и поделба е основа за изготвување на буџетот на локалните самоуправи а врз основниот принцип на буџетска рамнотежа помеѓу приходите и расходите. Тековните расходи опфаќаат расходи за исплата на плати и надоместоци на вработените во администрацијата, набавка на разни стоки и услуги, расходи за режиски трошоци неопходни за функционирање на локалната самоуправа и нејзините органи, трошоци за социјални бенефиции, субвенции и трансфери и секако тука влегуваат и резервите и недефинираните расходи. Во капиталните расходи влегуваат сите оние инвестиции, кои имаат своја улога во развојот на општеството и се однесуваат на инфраструктурни вложувања. Тие расходи ги опфаќаат трошоците за набавка на опрема, набавка или изградба на градежни објекти, вложувања во нефинансиски средства за истражување и развој и слично, вложувања кои придонесуваат и водат кон подобра иднина на граѓаните. Токму поради ваквите карактеристики на овие расходи, по дефиниција, сите локални власти како и централните настојуваат овие расходи да бидат доминантни при планирањето на буџетите, но за жал овие расходи се распределуваат во буџетот, откако ќе бидат распределени тековните расходи неопходни за функционирање на локалната самоуправа.

Структурата на расходите во најголема мерка кај локалните самоуправи е зависна од овластувањата кои ги имаат локалните самоуправи и јавните услуги кои ги обезбедуваат а најчесто тие се во областа на комуналната сфера, уличното осветлување, изградба и

реконструкција на локалната инфраструктура и сл. Структурата на расходите се менува со влегувањето на општините во втората фаза од процесот на децентрализација. Структурата на расходите во голема мерка е зависна од структурата и висината на планираните и остварени приходи и е во тесна врска со истите. Остварувањето, висината, како и динамиката на вкупните приходи е значајно од аспект на отварање на можности за реализација на утврдените програми за работа имплементирани во буџетот на општината како и задоволување на потребите на граѓаните за решавање на нивните инфраструктурни, комунални, културни и други потреби. Остварувањето поодделно по програми е дадено во табелата подолу во која е прикажан видот на програмата, планираните средства за остварување на програмата, реализацијата пооделно по програми заклучно со 31.03.2018 како и процентот на остварување. Распределбата на вкупно остварените приходи (буџетски средства - основен буџет) распределени по програми прикажани се во следната табела:

| | ***Програм*** | ***Планирано*** | ***Остварено*** | % |
|---|---|---|---|---|
| Ао | Совет на општина | 18,620,000 | 4,639,944 | 24.92 |
| До | Градоначалник | 3,505,000 | 1,048,732 | 29.92 |
| Ео | Општинска администрација | 153,239,811 | 37,608,953 | 24.54 |
| Ф1 | Урбанистичко планирање | 2,000,000 | 102,827 | 5.14 |
| ФА | Уредување на градежно земјиште | 70,100,000 | 29,659,734 | 42.31 |
| Г1 | Подршка на ЛЕР | 4,000,000 | 261,930 | 6.55 |
| Г2 | Потт. на развојот на туризмот | 6,000,000 | 2,044,099 | 34.07 |
| ГД | Проекти за енергетска ефикасност | 800,000 | 0 | / |
| Ј3 | Јавно осветлување | 55,000,000 | 12,454,165 | 22.64 |
| Ј4 | Јавна чистота | 11,000,000 | 5,553,760 | 50.49 |
| Ј6 | Оддржување и зашт.на пат.и улици | 5,800,000 | 349,655 | / |
| Ј7 | Оддрж. и корист. на парк. и зеленило | 7,000,000 | 2,407,582 | 34.39 |
| Ј8 | Други комунални услуги | 5,050,000 | 1,723,012 | 34.12 |
| ЈД | Изгр.и реконс.на патишта и улици | 34,000,000 | 12,034,872 | 35.40 |
| ЈФ | Изград.на сообр. сигнализација | 9,500,000 | 2,481,863 | / |
| ЈГ | Изград.на системи за водоснабдув. | 13,000,000 | 836,501 | 6.43 |
| ЈИ | Сист. за одвед.и преч.отпад.води | 21,250,000 | 1,651,537 | 7.77 |
| К4 | Култ.манифестации и творештво | 17,526,189 | 1,043,354 | 5.95 |
| Ло | Спорт и рекреација | 15,500,000 | 5,686,651 | 36.69 |
| Н1 | Основно образование | 39,000,000 | 2,804,649 | 7.19 |
| Н2 | Средно образование | 4,000,000 | 0 | 0.00 |
| Р1 | Заштита на животна средина | 1,100,000 | 20,000 | 1.82 |
| В1 | Детски градинки | 4,000,000 | 276,156 | 6.90 |
| Њо | Противпожарна заштита | 21,066,000 | 3,500,955 | 16.62 |
| | ***Вкупно*** | ***522,057,000*** | ***128,190,931*** | ***24.55*** |

Податоците во табелата укажуваат на разноликост во процентите на извршување и реализација по пооделни програми, но тоа што треба тука да се нагласи е потребата од разграничување помеѓу финансискиот дел, извршувањето на буџетот за наведениот период и активностите кои се извршуваат во истиот период, сето тоа поради фактот што активностите и проектите кои се реализираат во тековниот квартал по дефиниција предизвикуваат финансиски импликации во некој друг период односно квартал, кога се комплетира финансиската документација и се врши сметководствен третман на истата. Имајќи во предвид дека голем број проекти се во фаза на реализација, за очекување е во претстојниот период да биде доставена финансиска документација која ќе предизвика зголемување на степенот на остварување поодделно по активности и програми, а сето тоа ќе влијае на вкупниот степен на нивна реализација.

**Број 08-5289/22-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ВО ОБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2018 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници во образовните институции во општина Охрид за 2018 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година.

**Број 09-5289/23** **ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 88 став 3 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 48/15,154/15, 5/2016, 142/2016, 11/2018), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ВО ОБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2018 ГОДИНА

**Член 1**

Вредноста на бодот за платите на административните службеници во образовните институции во општина Охрид за 2018 година изнесува 76,80 денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5289/23** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РАЗВОЈАНАТА ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2018-2020 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за изменување и дополнување на развојаната програма за уредување на градежно земјиште за 2018-2020 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година.

**Број 09-5289/24** **ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2018-2020 ГОДИНА.**

Во делот **Д ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ** се брише точка 10 (Партерно уредување на плоштад „Крушевска Република“), а средствата во износ од 14.000 000 се додаваат во делот **Б точка 5** (Асфалтирање и реконструкција на улична мрежа во УЗ Центар) каде износот од 1.500 000,00 се зголемува на 15.500 000 денари.
За 14.000 000,00 се зголемува вкупниот износ за дел Б и од 79 000 000 станува 93.900 000,00,а за 14.000 000,00 се намалува вкупниот износ во дел Д и од 25.000 000 станува 11.000 000 денари.

Оваа Програма за измена и дополување на Развојаната програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5289/24** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2018 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за изменување и дополнување на Годишната програма за поставување урбана опрема на подрачјето на општина Охрид за 2018 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година.

**Број 09-5289/25**
**23.04.2018 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Јован Стојаноски,с.р.**

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2018 ГОДИНА**

**Во ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2018 ГОДИНА, во насловот 3. Општи услови за поставување урбана опрема,**

Точка 3.3. се менува и гласи:

3.3. Се овозможува времено поставување на урбана опрема во ноќните часови во стариот дел на Охрид- по кејот кај пристаништето, хотел „Александрија“ и други угостителски објекти (во време на забрана на сообраќај на моторни возила –сообраќаен режим од 19 до 05 часот.

Се додава нова точка 3.10

Дополнителни локации за поставување урбана опрема по барања на правни и физички лица можат да се предвидуваат по согледување на комисијата за одлучување по барања за поставување урбана опрема, која е формирана од градоначалникот на Општина Охрид и е составена од пет члена.

Оваа измена и дополување на Годишната програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5289/25**
**23.04.2018год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ (ЗАКУПНИНАТА) ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА ВО ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2018 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот (закупнината) за поставување урбана опрема во општина Охрид за 2018 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година.

**Број 09-5289/26** **ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 82 од Законот за градежно земјиште („Сл.весник на РМ“ бр.15/15,98/15,193/15,226/15,31/16.142/16 и 190/16), член 36 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.весник на РМ“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14) Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година, донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ (ЗАКУПНИНАТА) ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА ВО ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2018 ГОДИНА

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот (закупнината) за поставување урбана опрема во општина Охрид за 2018 година.

**Член 2**

Во член 3 став 10 после зборовите „**урбана опрема за**“ се додава зборот „**комерцијална**“.

Во член 3 по ставот 10 се додава нов став 11 кој гласи: - „**За користење површини за поставување урбана опрема за културна презентација, цената изнесува:**

**100,оо денари по м$^2$ дневно за површина до 5 м$^2$;**
**75,оо денари по м$^2$ дневно за површина до 100 м$^2$ и**
**50,оо денари по м$^2$ дневно за површина над 100м$^2$,**

а став 11 станува став 12.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5289/26** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРИОРИТЕТ НА ПРОЕКТИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ ОТПАДНИ ВОДИ ВО ОПШТИНА ОХРИД

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување приоритет на проекти за водоснабдување и одведување отпадни води во општина Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година.

**Број 09-5289/27** **ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 ) и член 57 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Сл.весник на РМ “ бр.18/2011 , член 97-в од Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Сл.весник на РМ “ бр. 31/2016 и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид, на седницата одржана на ден 23.04.2018 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРИОРИТЕТ НА ПРОЕКТИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува приоритетот за изградба и реконструкција на:

1.Реконструкција на линиски инфраструктурен објект за фекална канализациска мрежа за дел од ул.„Абас Емин“ – Охрид.

2.Изградба на линиски инфраструктурен објект за атмосферска канализациска мрежа за дел од ул.„Абас Емин“ – Охрид.

3.Реконструкција на линиски инфраструктурен објект за водоводна мрежа за дел од ул.„Абас Емин“ – Охрид, како комунална дејност од јавен интерес на граѓаните на општина Охрид.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5289/27** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ИЗЈАВАТА ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИ ПО ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ ПО ПРОЕКТОТ „ИЗГРАДБА НА ЛИНИСКИ ИНФРАСТРУКТУРЕН ОБЈЕКТ ЗА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИСКА МРЕЖА ЗА ДЕЛ ОД УЛ. „АБАС ЕМИН“ – ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Изјавата за исполнување на услови по договор за заем по проектот „Изградба на линиски инфраструктурен објект за атмосферска канализациска мрежа за дел од ул. „Абас Емин“ – Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година.

**Број 09-5289/28** **ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 ), а во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ („Службен весник на Република Македонија“ бр.83/10) член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид, на седницата одржана на ден 23.04.2018 година, ја донесе следната:

**ИЗЈАВА**
**ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИ ПО ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ ПО ПРОЕКТОТ „ИЗГРАДБА НА ЛИНИСКИ ИНФРАСТРУКТУРЕН ОБЈЕКТ ЗА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИСКА МРЕЖА ЗА ДЕЛ ОД УЛ. „АБАС ЕМИН“ - ОХРИД**

**Член 1**

Општина Охрид потврдува дека ги исполнува следните услови:

Општина Охрид има формирано Јавно претпријатие„Нискоградба Охрид“-Охрид, кое има склучено договор со Општина Охрид за определена намена за одведување на отпадните води ( **атмосферска канализациска мрежа )**, кое постои специјално за оваа намена.

ЈП.„Нискоградба Охрид “- Охрид, ги покрива услугите кои се однесуваат на одведување на отпадните води **( атмосферска канализациска мрежа )** и не е оптоварено со долгови кои би го довеле во прашање неговото функционирање.

ЈП.„Нискоградба Охрид“- Охрид, со утврдена тарифа овозможува покривање на трошоците за тековно и идно функционирање и одржување на Проектот.

Проектите со кои ќе аплицира Општина Охрид ќе бидат одобрени со одлука од Советот на општина Охрид, за секој проект посебно.

Сите досега финансирани проекти за одведување на отпадни води **(атмосферска канализациска мрежа )**, во Општина Охрид од донации од државата или други меѓународни институции се реализирани и се во функција.

Доколку Општина Охрид не ги исполни условите од дадената изјава се обврзува да ги врати средствата во целост.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5289/28** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ИЗЈАВАТА ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИ ПО ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ ПО ПРОЕКТОТ „ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛИНИСКИ ИНФРАСТРУКТУРЕН ОБЈЕКТ ЗА ВОДОВОДНА МРЕЖА ЗА ДЕЛ ОД УЛ. „АБАС ЕМИН“- ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Изјавата за исполнување на услови по договор за заем по проектот „ Реконструкција на линиски инфраструктурен објект за водоводна мрежа за дел од ул. „Абас Емин“- Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година.

**Број 09-5289/29** **ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 ), а во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ („Службен весник на Република Македонија“ бр.83/10) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид, на седницата одржана на ден 23.04.2018 година, ја донесе следната:

**ИЗЈАВА**
**ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИ ПО ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ ПО ПРОЕКТОТ „ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛИНИСКИ ИНФРАСТРУКТУРЕН ОБЈЕКТ ЗА ВОДОВОДНА МРЕЖА ЗА ДЕЛ ОД УЛ. „АБАС ЕМИН“- ОХРИД**

**Член 1**

Општина Охрид потврдува дека ги исполнува следните услови:

Општина Охрид има формирано Меѓуопштинско јавно претпријатие „Проаква “ – Р.Е. Водовод-Охрид кое има склучено договор со Општина Охрид за определена намена за водоснабдување, кое постои специјално за оваа намена.

Меѓуопштинското јавно претпријатие „Проаква“ – Р.Е.Водовод-Охрид, ги покрива услугите кои се однесуваат на водоснабдување и не е оптоварено со долгови кои би го довеле во прашање неговото функционирање.

Меѓуопштинското јавно претпријатие „Проаква “– Р.Е.Водовод-Охрид, со утврдена тарифа овозможува покривање на трошоците за тековно и идно функционирање и одржување на Проектот.

Проектите со кои ќе аплицира Општина Охрид ќе бидат одобрени со одлука од Советот на општина Охрид, за секој проект посебно.

Сите досега финансирани проекти за водоснабдување, во Општина Охрид од донации од државата или други меѓународни институции се реализирани и се во функција.

Доколку Општина Охрид не ги исполни условите од дадената изјава се обврзува да ги врати средствата во целост.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5289/29**
**23.04.2018 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ИЗЈАВАТА ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИ ПО ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ ПО ПРОЕКТОТ „РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛИНИСКИ ИНФРАСТРУКТУРЕН ОБЈЕКТ ЗА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИСКА МРЕЖА ЗА ДЕЛ ОД УЛ. „АБАС ЕМИН“-ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Изјава за исполнување на услови по договор за заем по проектот „Реконструкција на линиски инфраструктурен објект за фекална канализациска мрежа за дел од ул. „Абас Емин“-Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година.

**Број 09-5289/30**
**23.04.2018 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 ), а во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ („Службен весник на Република Македонија“ бр.83/10) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид, на седницата одржана на ден 23.04.2018 година, ја донесе следната:

**ИЗЈАВА**
**ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИ ПО ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ ПО ПРОЕКТОТ „РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛИНИСКИ ИНФРАСТРУКТУРЕН ОБЈЕКТ ЗА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИСКА МРЕЖА ЗА ДЕЛ ОД УЛ. „АБАС ЕМИН“-ОХРИД**

**Член 1**

Општина Охрид потврдува дека ги исполнува следните услови:

Општина Охрид има формирано Јавно претпријатие „Нискоградба Охрид“- Охрид кое има склучено договор со Општина Охрид за определена намена за одведување на отпадните води (**фекална канализациска мрежа)**, кое постои специјално за оваа намена.

ЈП „Нискоградба Охрид “- Охрид, ги покрива услугите кои се однесуваат на одведување на отпадните води **( фекална канализациона мрежа )** и не е оптоварено со долгови кои би го довеле во прашање неговото функционирање.

ЈП „Нискоградба Охрид“- Охрид, со утврдена тарифа овозможува покривање на трошоците за тековно и идно функционирање и одржување на Проектот.

Проектите со кои ќе аплицира Општина Охрид ќе бидат одобрени со одлука од Советот на општина Охрид, за секој проект посебно.

Сите досега финансирани проекти за одведување на отпадни води **( фекална канализациска мрежа )**, во Општина Охрид од донации од државата или други меѓународни институции се реализирани и се во функција.

Доколку Општина Охрид не ги исполни условите од дадената изјава се обврзува да ги врати средствата во целост.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5289/30** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИФАЌАЊЕ ДОНАЦИЈА НА СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ САДОВИ ЗА СОБИРАЊЕ НА ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за прифаќање донација на специјализирани садови за собирање на отпад од пакување, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година.

**Број 09-5289/31** **ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („ Службен гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид , на седницата одржана на ден 23.04.2018 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРИФАЌАЊЕ ДОНАЦИЈА НА СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ САДОВИ ЗА СОБИРАЊЕ НА ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ**

**Член 1**

Со оваа одлука се прифаќа донацијата на 30 (триесет) садови за собирање на отпад од пакување – пластични зелени игло-контејнери од 1,5 м3 специјализирани за собирање на стакло- отпад од пакување, во согласност со Договорот за донација на садови за собирање на

отпад од пакување бр. 03-1213 од 01.03.2018 година,склучен со Друштвото за управување со пакување и отпад од пакување „ПАКОМАК“ ДОО Скопје.

**Член 2**

Општина Охрид како прмател на донацијата се обврзува по приемот на предметот на донацијата на давателот на донацијата да му издаде потврда за примена донација како и да потпише образец ЗДС/ДУ-ДДВ, односно барање за враќање на ДДВ на вршителот на прометот, при промет на добра и услуги од давателот кон примателот на донацијата, како и пропратно писмо за поврат на ДДВ.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5289/31** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА САНИТАРНИ КОНТЕЈНЕРИ- ЈАВНИ ТОАЛЕТИ ВО ОПШТИНА ОХРИД, СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ОХРИД НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за пренесување на правото на користење на санитарни контејнери- јавни тоалети во општина Охрид, сопственост на Општина Охрид на ЈП „Охридски Комуналец“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година.

**Број 09-5289/32** **ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 10 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид бр.08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА САНИТАРНИ КОНТЕЈНЕРИ- ЈАВНИ ТОАЛЕТИ ВО ОПШТИНА ОХРИД, СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ОХРИД НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука се пренесува правото на користење од Општина Охрид на ЈП „Охридски Комуналец“ - Охрид на санитарни контејнери-јавни тоалети во општина Охрид.

**Член 2**

Наведените санитарни контејнери-јавни тоалети од член 1 ќе бидат поставени на следните локации:

-Локација 1: Помеѓу Трговскиот центар „АМАМ“ и угостителскиот комплекс „Летница“ позади сувенирницата, на КП.бр. 15391 КО Охрид 3;

-Локација 2: На паркинг-просторот пред Горна порта, на КП.бр. 15651 КО Охрид 3.

**Член 3**

Наведените санитарни контејнери-јавни тоалети од член 1 на оваа одлука се отстапуваат на трајно користење на ЈП„Охридски Комуналец“ - Охрид, со можност истиот да биде прекинат доколку се јават дополнителни потреби за користење од страна на Општина Охрид.

Користењето на санитарни контејнери-јавни тоалети од страна на ЈП „Охридски Комуналец“ - Охрид ќе биде без надомест.

**Член 4**

Сите трошоци за одржување и користење на санитарните контејнери-јавни тоалети ќе ги сноси ЈП „Охридски Комуналец“ -Охрид.

**Член 5**

Се задолжува градоначалникот на Општина Охрид да склучи договор со директорот на ЈП „Охридски Комуналец“ -Охрид, со кој ќе се уредат правата и обврските за користење на санитарните контејнери-јавни тоалети .

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5289/32** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** — **Претседател,**
**О х р и д** — **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ – ДЕЛ ОД ДЕЛОВЕН ПРОСТОР, СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ОХРИД НА АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР И НЕДВИЖНОСТИ НА РМ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за пренесување на правото на користење на недвижен имот – дел од деловен простор, сопственост на Општина Охрид на Агенцијата за катастар и недвижности на РМ, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година.

**Број 09-5289/33** — **ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** — **Градоначалник**
**О х р и д** — **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) , член 18 став 1 точка 10 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид бр.08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14 и 14/14),а согласно член 21 точка 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост,Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ – ДЕЛ ОД ДЕЛОВЕН ПРОСТОР, СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ОХРИД НА АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР И НЕДВИЖНОСТИ НА РМ**

**Член 1**

Со оваа одлука се пренесува правото на користење од Општина Охрид на Агенцијата за катастар и недвижности на РМ на недвижен имот – дел од деловен простор 26/674 од деловна зграда лоциран на ул.„ Димитар Влахов“ бр. 57 - Охрид со вкупна површина од 674 м2, запишан во имотен лист бр. 87730 КО Охрид 3.

**Член 2**

Наведениот имот од член 1 на оваа одлука се отстапува на времено користење во времетраење од четири години на Агенцијата за катастар и недвижности на РМ, со можност истиот да биде прекинат доколку се јават дополнителни потреби за користење од страна на Општина Охрид. Користењето на имотот ќе биде со надомест во висина утврдена со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, односно со месечна закупнина од 0,5 проценти од вредноста на недвижниот имот, утврдена од овластен проценител.

**Член 3**

Сите трошоци за одржување и користење на недвижниот имот – дел од деловен простор , ќе ги сноси Агенцијата за катастар и недвижности на РМ.

**Член 4**

Се задолжува градоначалникот на Општина Охрид да склучи договор со директорот на Агенцијата за катастар и недвижности на РМ , со кој ќе се уредат правата и обврските за користење на недвижниот имот- деловен простор.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид “.

**Број 08-5289/33** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТОБЈЕКТ НА КП.БР.1529/1 КО ТРПЕЈЦА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за изменување на одлуката за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација,со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.1529/1 КО Трпејца, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година.

**Број 09-5289/34** **ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ“ бр.23/2011, 155/2012, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15 и 31/16), како и член 2 став 2, 5 и 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ“ бр.56/2011 и 162/2012), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07,01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ НА КП.БР.1529/1 КО ТРПЕЈЦА

**Член 1**

Во Одлуката со број 08-3185/35 донесена од страна на Советот на општина Охрид на ден 14.03.2018 година објавена во „Службен гласник на општина Охрид“ бр.3 од 15.03.2018 година, во насловот зборовите „КП.бр.1529/1 “ **се заменуваат** со зборовите „КП.бр 1529/5“.

**Член 2**

Во Одлуката со број 08-3185/35 донесена од страна на Советот на општина Охрид на ден 14.03.2018 година објавена во „Службен гласник на општина Охрид“ бр.3 од 15.03.2018 година, во член 1 после зборовите „КП.бр“ **се брише „1529/1“ и се заменува со** „1529/5“.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5289/34** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТОБЈЕКТ НА КП.БР.806 КО ЉУБАНИШТА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.806 КО Љубаништа, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година.

**Број 09-5289/35** **ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ“ бр. 23/2011, 155/2012, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15 и 31/16), како и член 2 став 2, 5 и 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ“ бр.56/2011 и 162/2012), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ НА КП.БР.806 КО ЉУБАНИШТА**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува потребата од донесување урбанистичко-планска документација за реализација на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.806 КО Љубаништа, којшто е надвор од урбанистичка документација.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е извод од планска документација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5289/35** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИТЕ ОБЈЕКТИ НА КП.БР.835 И КП.БР.824 КО РЕЧИЦА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на КП.бр.835 и КП.бр.824 КО Речица, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година.

**Број 09-5289/36**
**23.04.2018 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ“ бр. 23/2011, 155/2012, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15 и 31/16), како и член 2 став 2, 5 и 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ“ бр.56/2011 и 162/2012), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИТЕ ОБЈЕКТИ НА КП.БР.835 И КП.БР.824 КО РЕЧИЦА**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува потребата од донесување урбанистичко-планска документација за реализација на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на КП.бр.835 и КП.бр. 824 КО Речица, коишто се надвор од урбанистичка документација.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е извод од планска документација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5289/36**
**23.04.2018 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИТЕ ОБЈЕКТИ НА КП.БР.965/1 КО ОРОВНИК

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на КП.бр.965/1 КО Оровник, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година.

**Број 09-5289/37**
**23.04.2018 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ“ бр. 23/2011, 155/2012, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15 и 31/16), како и член 2 став 2, 5 и 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ“ бр.56/2011 и 162/2012), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ НА КП.БР.965/1 КО ОРОВНИК

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува потребата од донесување урбанистичко-планска документација за реализација на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.965/1 КО Оровник, којшто е надвор од урбанистичка документација.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е извод од планска документација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5289/37**
**23.04.2018 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИТЕ ОБЈЕКТИ НА КП.БР.991 И КП.БР.867/4 КО ОРОВНИК**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на КП.бр.991 и КП.бр.867/4 КО Оровник, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година.

**Број 09-5289/38** **ОПШТИНА ОХРИД**
**23.04.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ“ бр. 23/2011, 155/2012, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15 и 31/16), како и член 2 став 2, 5 и 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ“ бр.56/2011 и 162/2012), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 23.04.2018 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИТЕ ОБЈЕКТИ НА КП.БР.991 И КП.БР.867/4 КО ОРОВНИК**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува потребата од донесување урбанистичко-планска документација за реализација на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на КП.бр.991 и КП.бр. 867/4 КО Оровник, коишто се надвор од урбанистичка документација.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е извод од планска документација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

